## СОДРЖИНА НА УПАТСТВОТО


1 Вовед ... 3

2 Цели на мерката Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства ... 3

3 Финансиска поддршка предвидена со мерката ... 3

4 Приоритетни сектори/прифатливи инвестиции ... 5

5 ИПАРД трошоци ... 6

**5.1 Прифатливи трошоци ... 6**

**5.2 Трошоци кои не се прифатливи ... 8**

**5.3 Правила за потекло на трошоци ... 8**

6 Кој може да биде корисник ... 9

7 Критериуми за доделување на средства ... 11

**7.1 Минимални капацитети ... 11**

**7.2 Општи критериуми за доделување на средства ... 13**

**1.1 Исполнување на соодветни стандарди ... 13**

**7.3 Економска одржливост ... 14**

**7.4 Специфични критериуми по типови на инвестиции ... 15**

8 Потребни документи при поднесување на барањето ... 17

9 Административна процедура за обработка на барањето ... 24

**9.1 Поднесување на барањето за финансиска поддршка ... 24**

**9.2 Обработка на барање и избор на корисници ... 25**

**9.3 Критериуми за избор (рангирање) ... 26**

**9.4 Склучување на договор ... 27**

10 Реализација на договорот ... 27

11 Исплата на средства ... 28

12 Контрола на терен ... 29

13 Обележување и видливост ... 30

14 Контакт - АФПЗРР ... 31

15 Прилози ... 32

**15.1 Прилог 1. Листа на планински подрачја ... 32**

**15.2 Прилог 2. Листа на прифатливи трошоци ... 37**

**15.4 Прилог 3. Листа на минимални национални стандарди релевантни за спроведувања на ИПАРД 2014-2020 ... 42**

**15.5 Прилог 4. Складирање и ракување со арско ѓубре ... 52**

**15.6 Прилог 5- Договор за финансиска поддршка ... 54**

# 1 Вовед

ИПА II (ЕУ Инструмент за претпристапна помош) претставува правна рамка на ЕУ и пакет за финансиска помош, дизајнирана да им помогне на земјите кандидати за членство како и на потенцијалните земји членки. Помошта е насочена кон повеќе области, а една од тие е земјоделството и руралниот развој.

ИПАРД Програмата 2014-2020 е програма која овозможува пристап до фондовите на Европската Унија наменети за финансиска помош на земјоделството и руралниот развој.

Од искористувањето на фондот од ИПАРД Програмата 2014-2020 за Република Северна Македонија се очекуваат многубројни придобивки, од кои можат да се издвојат следните: подобрување на стандардот на земјоделците, подобрување на пазарната конкурентност и ефикасност, зголемување на вработеноста во руралните средини, подобрување на ветеринарните стандарди и унапредување и заштита на животната средина.

# 2 Цели на мерката Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства

*Општи цели:*

- Поддршка за постепено усогласување на земјоделскиот сектор кон правилата, стандардите, политиките и практиките на Европската Унија со цел членство во Е У;
- Поддршка на економскиот, социјалниот и територијалниот развој со цел рамномерен, оддржлив и инклузивен раст, преку инвестиции во основни средства;
- Одговор на предизвиците кои ги носат климатските промени преку промоција на ефикасно искористување на ресурсите и обновливите извори на енергија.

*Специфични цели:*

- Модернизирање и преструктурирање на физичкиот (материјалниот) потенцијал со цел подобрување на целокупното работење на земјоделските стопанства при производството на примарни земјоделски производи, со тоа зголемување на вредноста на производството и маркетингот;
- Промоција на почитување на стандардите на Заедницата и подобрување на условите на земјоделските стопанства, особено на оние кои се однесуваат на заштита на животната средина, безбедност на храна и благосостојба на животните;
- Зголемување на потрошувачката на енергија од обновливи извори.

# 3 Финансиска поддршка предвидена со мерката

Минималната вредност на вкупно прифатливите трошоци на предложената инвестиција за оваа мерка не може да биде пониска од **3.000 евра** во денарска

противвредност не вклучувајќи го ДДВ, додека максималната поддршка која може да биде доделена на еден корисник под оваа мерка изнесува **1.500.000 евра во денарска противвредност** не вклучувајќи го ДДВ за целиот период на спроведување на Програмата.

Вкупната финансиска поддршка (75% од ЕУ фондовите + 25% национално кофинансирање) која се исплаќа во вид на кофинансирање на инвестицијата во рамки на оваа мерка **изнесува 60%** од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.

Овој процент на кофинансирање се зголемува до:

- 65% за инвестиции во земјоделски стопанства предложени од страна на млади земјоделци (физички лица на возраст од 18 години до 40 години сметајќи од денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка);
- 70% за инвестиции во земјоделски стопанства во планинските области (Листа на планински области дадени во **Прилог 1** на ова Упатство или може да се превземе од веб страната на Агенцијата **www.ipardpa.gov.mk**).

**Процентот на кофинансирање ќе се зголеми за 10 процентни поени за делот од инвестицијата кој се однесува на:**

- Инвестиции во системи за складирање и управување со арско ѓубре (пример:, третман, понатамошно користење и сл.);
- Инвестиции за подобрување на ефикасноста во употребата на азотни ѓубрива (пример: намалена употреба, опрема за прецизна употреба на ѓубрива и сл.);
  Инвестиции во објекти/опрема чија цел е подобрување на енергетската ефикасност (пример: употреба на градежни материјали кои ја намалуваат загубата на топлина);
- Инвестиции во објекти/опрема за производство на био-енергија во случај на обработка на производите (суровините) опфатени со Анекс I од Договорот со ЕУ (обработка на животинска или растителна примарна и секундарна биомаса) (Анекс I од Договорот со ЕУ може да се превземе од веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk);
- Инвестиции во објекти/опрема за производство на енергија од други обновливи извори на енергија за задоволување на сопствените потреби за енергија на земјоделското стопанство;
- Инвестиции во објекти/опрема за третман на отпадни води/канализација.

**Напомена**: Зголемувањето на процентот на финансиската поддршка за 10 процентни поени се однесува само за делот на инвестицијата заради кој се врши зголемувањето на поддршката, а не за целосно предложената инвестиција.

Корисниците може да поднесат повеќе проекти во рамките на оваа мерка во текот на спроведувањето на Програмата, под услов максималната вкупна поддршка да не биде надмината и за претходниот проект да биде поднесено барање за исплата. Финансиската поддршка за ново поднесените барањата ќе се одобри по

исплатата на финансиската поддршка од претходно одобрениот проект и склучен договор.

АФПЗРР пред склучување на договор со барателот ќе изврши проверка дали предложената инвестиција е веќе финансирана од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој, со цел да се спречи двојно финансирање на истата инвестиција.

# 4 Приоритетни сектори/прифатливи инвестиции

*Следните сектори се прифатливи за поддршка со оваа мерка:*

- **Сектор за растително производство**: (1) *житарици*, (2) *индустриски и фуражни култури*, (3) *градинарски култури* (вклучувајќи и компир), (4) *повеќегодишни култури* (овоштарници, вклучувајќи и трпезно грозје, маслинки, медоносни дрвја (за производство на мед), (5) *лозја*;
- **Сектор сточарство**: (1) *Говеда* (за млеко и гоење), (2) *свињи* (за репродукција и гоење), (3) *овци и кози* (за млеко и гоење), (4) *живина* (одгледувани за производство на месо – бројлери, кокошки несилки);
- **Преработка и директен маркетинг на сопственото земјоделско производство на земјоделското стопанство** (Директен маркетинг се однесува на активности поврзани со земјоделските производи произведени на земјоделското стопанство, подготовка, директна продажба и други маркетинг активности на земјоделското стопанство, вклучително и за преработени производи на земјоделското стопанство: *(1) млеко и млечни производи, (2) месо и месни производи; (3) овошје и зеленчук, вклучувајќи и компири, печурки и мешункасти култури; (4) жита, мелничарски производи и производи од скроб; (5) растителни и животински масла и масти; (6) шира од грозје, сок од грозје, вино и оцет.*
- **Производство на енергија од обновливи извори за сопствена потрошувачка**, преку обработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса (освен биомаса од рибни производи) за производство на биогас и/или биогорива, користење на сончева енергија, ветерници, геотермална енергија итн.

***Прифатливи инвестиции:***

- Изградба или реконструкција на објекти и друг недвижен имот на земјоделското стопанство (како што се објекти за одгледување на добиток, складирање на храна, пластеници и/или стаклѐници, објекти за пост-бербени активности, сместување на земјоделските машини и опрема, објекти за заштитни средства на растителното производство итн) ;
- Набавка на повеќегодишни дрва и растенија (со исклучок на семе за повеќегодишни дрва и растенија), вклучувајќи овошни дрва, грмушки и трпезно грозје, маслинки, лозја, вклучително и придружни инсталации;

• Набавка и/или инсталирање на нови машини, приклучна земјоделска механизација и опрема/инструменти за подобрување на активностите за земјоделско производство на земјоделското стопанство;

• Набавка и/или инсталирање на нови машини/опрема за подобрување на стандардите на благосостојбата на животните (постојан пристап до свежа вода, исхрана, сместување и размножување, чистење на арското ѓубре, одмор на отворен простор итн.);

• Набавка и/или инсталирање на нови машини и опрема/алатки за пост-бербени активности, преработка и директен маркетинг на земјоделското стопанство,

• Набавка и/или инсталирање на нови машини/опрема за заштита на животната средина (енергетска ефикасност, контролирани климатски услови, справување и складирање на арско ѓубре, отпад и третман на нус-производи, третман на вода, итн.), вклучувајќи и ублажување на последиците од климатските промени (заштитни покривки, сенки и сл), вклучувајќи и обезбедување на електрична енергија и/или греење со користење на обновливи ресурси за да се задоволат потребите на земјоделското стопанство за сопствените активности на земјоделското производство;

• Инвестиции во објекти и опрема за наводнување на фарма , вклучувајќи нови резервоари за вода, цевководи, системи капка по капка, системи за измаглување, инсталации за распрскување, пумпни станици, итн.;

• Набавка на специјализирани транспортни приколки и возила, како што се земјоделски приколки, резервоари за млеко, транспортни разладни резервоари за превоз на производството, транспорт на живи животни и живина, специјализирана опрема за транспорт на арско ѓубре, транспорт на опрема за биомаса и сл.;

• Развој на инфраструктура на земјоделско стопанство, вклучувајќи изградба и реконструкција на патиштата и патеките на земјоделското стопанство, инсталации за снабдување со електрична енергија, водоснабдување и канализациони системи, одводнување (дренажа), артески бунари, оградување, итн. и други подобрувања на надворешниот простор од имотот на корисникот за задоволување на потребите на земјоделското стопанство за своите земјоделски активности.

# 5 ИПАРД трошоци

## 5.1 Прифатливи трошоци

а) Материјални инвестиции

---

- Набавка на градежни материјали и елементи за изградба или реконструкција на згради и објекти
- Набавка на нова земјоделска механизација, машини и опрема

- Набавка на повеќегодишни растенија (освен хибриди)

  **НАПОМЕНА: НАБАВКА НА ТРАКТОР НЕ Е ПРИФАТЛИВ ТРОШОК ВО ОВОЈ ЈАВЕН ПОВИК!**

б) Не материјални инвестиции (поврзани со прифатливите трошоци од точка а)

---

- Стекнување со патентни права и лиценци
- Компјутерски софтвер вклучувајќи софтверски лиценци
- Инсталација на опрема (со исклучок на сервис)
- Изградба / реконструкција (вклучувајќи технички надзор)
- Услуги за садење и обновување на насади.

(в) Општи трошоци (поврзани со прифатливите трошоци под точките (а) и (б)

---

- Подготовка на техничка документација, градежни планови и придружни студии
- Подготовка на Технички предлог проект / Деловен план: пресметка на трошоци, анализи, анализи на пазарот, маркетинг анализи
- Подготовка на документи за проценка на влијанието на проектот врз животната средина
- Управување со проекти

(г) Трошоци за специфични информативни и рекламни активности на ниво на проект, кои се во надлежност на корисниците:

---

- Билборди
- Плакети
- Налепници, и др.

**Напомена: Деталната Листа на прифатливи трошоци за оваа мерка е составен дел од ова Упатство дадена како Прилог 2.**

**Општите трошоци како што се надоместоците за архитекти и инженери и консултанти, физибилити студии, стекнување со патентни права и лиценци не можат да надминат 12% од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.**

**Специфичните пониски граници може да се утврдат во зависност од типот на инвестицијата.**

## 5.2 Трошоци кои не се прифатливи

***Следните трошоци не се прифатливи во рамки оваа мерка:***

- Даноци, вклучувајќи данок на додадена вредност;
- Царини и увозни давачки, и слични давачки;
- Купување, изнајмување или закуп на земја и постојни објекти, независно од тоа дали закупот резултира со пренесување на правото на сопственостна закупецот;
- Парични казни, финансиски казни и трошоци од судски спорови, камата на долг;
- Оперативни трошоци;
- Половни машини и опрема;
- Банкарски трошоци, трошоци за гаранции и слични давачки;
- Трошоци за менување валута, давачки и загуби во размена поврзани со ИПАРД евро сметката, како и други чисто финансиски трошоци;
- Придонеси во натура;
- Купување на права за земјоделско производство, животни, едногодишни растенија и нивно засадување;
- Трошоци за оддржување, амортизација и трошоци за наем.

## 5.3 Правила за потекло на трошоци

Доколку вредноста на набавката/инвестицијата е под 100.000 евра во денарска противвредност прифатливите трошоци поврзани со инвестицијата можат да потекнуваат од било која земја.

Во случај кога набавката/ инвестицијата се состои од повеќе делови/ ставки, правилото е применливо само за деловите/ ставките под 100.000 евра во денарска противвредност. Поделбата по делови/ ставки потребно е да биде легитимна, односно да не се вршат вештачки поделби на набавката/ инвестицијата на помали делови/ ставки со цел заобиколување на прагот од 100.000 евра во денарска противвредност.

Доколку вредноста на набавката од еден добавувач (независно дали од една или од повеќе понуди) е со износ поголем од 100.000 евра во денарска противвредност, во тој случај потеклото на стоките потребно е да биде од некоја од следните прифатливи земји:

- **Земји членки на ЕУ:**

Австрија, Белгија, Данска, Финска, Франција, Грција, Ирска, Италија, Луксембург, Германија, Холандија, Португалија, Шпанија, Шведска, Велика Британија, Кипар,

Чешка, Естонија, Унгарија, Малта, Латвија, Литванија, Полска, Словачка, Словенија, Бугарија, Романија и Хрватска.

- **Земји кандидати за ЕУ:**

Турција, Србија, Црна Гора, Албанија и Македонија.

- **Земји потенцијални кандидати за ЕУ***:*

Босна и Херцеговина, Косово.

- **Земји од Инструментот за европско соседство и партнерство**

Алжир, Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Египет, Грузија, Израел, Јордан, Либан, Либија, Молдавија, Мароко, Палестинска самоуправа на Западниот брег и појасот Газа, Сирија, Тунис, Украина, Норвешка, Лихтенштајн, Исланд, Швајцарија и Руска федерација.

***Листата е само индикација за можни земји на потекло и не ја исклучува можноста за појава на дополнителни прифатливи земји како и исклучување на одредени земји од листата на прифатливи земји од табелата***.

Набавките може да потекнуваат од било која земја доколку износот на набавката е под прагот за примена на постапката за прибирање на понуди со преговарање (во моментов 100. 000 евра во денарска противвредност). За целите на овие програмски средства, поимот "потекло" е дефиниран во членовите 23 и 24 од Регулативата (ЕЕЗ) бр 2913/9238 и друго законодавство на Заедницата кое се однесува на непреференцијално потекло.

| Набавка до 100.000 евра | Набавки над 100.000 евра |
|---|---|
| Правилата за потекло не се применливи. Трошоците поврзани со инвестицијата може да потекнуваат од било која земја | Правилата за потекло на трошоците се применуваат. Трошоците поврзани со инвестицијата мора да потекнуваат од т.н **прифатливи земји.** |

# 6 Кој може да биде корисник

**I.Земјоделско стопанство** регистрирано во Единствениот регистар на земјоделски стопанства при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (во понатамошниот текст: ЕРЗС) како **семејно земјоделско стопанство претставувано од физичко лице или од индивидуален земјоделски производител или како земјоделско стопанство претставувано од правно лице**.

- Земјоделското стопанство - барател кое предлага инвестиции во растително производство, како и сите производни капацитети на земјоделското стопанство, треба да бидат регистрирани во ЕРЗС пред да аплицира за поддршка.

- Земјоделското стопанство - барател кое предлага инвестиции во започнување на сточарско производство треба да биде регистрирано како земјоделско стопанство во ЕРЗС и во Регистарот за идентификација на животни пред поднесување на конечното барање за исплата.
- Земјоделското стопанство - барател кое предлага инвестиции во преработка на земјоделски производи и маркетинг треба да биде регистрирано како оператор на храна во согласност со Законот за безбедност на храна во Агенција за храна и ветеринарство пред поднесување на конечното барање за исплата.

**I.1 Семејното земјоделско стопанство** е преставувано од физичко лице кое е член на земјоделското домаќинство. Физичкото лице е овластено, од страна на сите други членови од земјоделското домаќинство, да го претставува земјоделското стопанство пред надлежните органи и да управува со него. Овластениот претставник и останатите членови на земјоделското домаќинство мора да живеат на иста адреса која е наведена како седиште на земјоделското стопанство, без оглед на локацијата на земјоделскиот имот (земјиште и објекти).

**I.2 Индивидуален земјоделски производител** е физичко лице кое се занимава со земјоделство за негови нејзини лични потреби како сопственик на земјоделскиот имот или кој има право на користење на земјоделски имот добиено преку склучување законски договор со нејзиниот сопственик и е регистриран во Регистарот на индивидуални земјоделци при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство или како Индивидуален земјоделски производител во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Индивидуалниот земјоделски производител е регистриран како семејно земјоделско стопанство во ЕРЗС.

**I.3 Земјоделско стопанство преставувано од правно лице** треба да биде регистрирано во Централниот регистар во согласност со Законот за трговски друштва.

Земјоделските стопанства претставувани од страна на правно лице во случај нивниот капитал да е во сопственост на јавен орган или органи или од страна на државата со повеќе од 25%, не се прифатливи корисници со оваа мерка.

**II. Задруга** која е регистрирана во Централниот регистар според Законот за задруги која примарно се занимава со земјоделска дејност, преработка на земјоделски производи и/или услуги кои се директно поврзани со земјоделските активности.

- Земјоделската задруга која се занимава со примарно земјоделско производство треба да биде во согласност со Законот за земјоделски задруги и да биде регистрирана во Регистарот на Земјоделски задруги при МЗШВ.

# 7 Критериуми за доделување на средства

## 7.1 Минимални капацитети

Сите баратели кои аплицираат за инвестиции поврзани со **растително производство** во времето на поднесување на барањето треба да покажат постоење на обработливо земјоделско земјиште регистрирано во Системот за идентификација на земјишни парцели со минималната големина во зависност од дејноста на растително производство која е предмет на инвестиции, како што следи:

- 0,3 ха во случај на инвестиции за одгледување на повеќегодишни растенија (култури) и оранжерии;
- 0,5 ха во случај на инвестиции поврзани со производство на зеленчук на отворено;
- 1 ха во случај на инвестиции поврзани со производство на житни, индустриски и фуражни култури
- 1 ха во случај на инвестиции во земјоделска механизација за растително производство, вклучително ливади и пасишта.

Сите баратели кои аплицираат за инвестиции поврзани со **сточарското производство** треба да покажат постоење на минимален број на добиточни единици (ДЕ) регистрирани во Регистарот за идентификација на животните воден од страна на Агенција за храна и ветеринарство (АХВ) со минимална големина во зависност на дејноста на сточарското производство која е предмет на инвестиција, како што следува:

- 5 ДЕ во случај кога инвестициите се однесуваат на говеда;
- 1,5 ДЕ во случај кога инвестициите се однесуваат на овци и/или кози;
- 8 ДЕ во случај кога инвестициите се однесуваат на одгледување на свињи;
- 10 ДЕ во случај кога инвестициите се однесуваат на одгледување на живина (со исклучок на патки, гуски, мисирки, фазани, ноеви, ему и бисерки).

**Напомена:** Сите баратели кои предвидуваат набавка на земјоделска механизација потребно е да покажат минимум 1 ха обработливо земјоделско земјиште под растително производство регистрирано во Системот за идентификација на земјишни парцели.

**Табела 1 Коефициент за добиточни единици (ДЕ)**

| Вид | Категорија | Коефициент |
|---|---|---|
| **Говеда** | Под една година | 0,400 |
| | 1 и не повеќе од 2 години | 0,700 |
| | Машко, 2 години и повеќе | 1,000 |
| | Јуници, 2 години и повеќе | 0,800 |

| | | |
|---|---|---|
| | Млечни крави | 1,000 |
| | Останати крави, 2 години и повеќе | 0,800 |
| **Овци и кози** | | 0,100 |
| **Копитари (коњи, магариња)** | | 0,800 |
| **Свињи** | Прасиња со жива мера под 20 кг | 0,027 |
| | Маторици со тежина од 50 кг и повеќе | 0,500 |
| | Останати свињи | 0,300 |
| **Живина** | Бројлери | 0,007 |
| | Несилки | 0,014 |
| | Ноеви | 0,350 |
| | Друга живина | 0,030 |
| **Зајаци, репродуктивни мајки** | | 0,020 |

**Формула за пресметка на ДЕ:**

***(број на животни)*** X (***коефициентот за добиточни единици***) = ДЕ

***Пример:***

Земјоделското стопанство располага со производствен капацитет од 50 прасиња со жива мера под 20 кг, 50 свињи во тов над 20 кг и 10 маторици.

- коефициентот за прасиња под 20 кг согласно табелата е 0,027

- коефициентот за свињи над 20 кг согласно табелата е 0,300

- коефициентот за маторици согласно табелата е 0,500

Пресметка на бројот на Добиточни единици (ДЕ) ќе биде:

(50X0,027)+(50X0,300)+(10X0,500)=1,35+3+5= 9,35 ДЕ

Баратели кои со инвестицијата започнуваат да се занимаваат со сточарско производство или не го исполнуваат минималниот капацитет на ДЕ можат да аплицираат и да користат поддршка, ако со реализација на инвестицијата ги достигнат минималните капацитети во однос на ДЕ, истото треба јасно да биде наведено во Техничкиот Предлог Проект/Бизнис План.

Доколку барател е земјоделска задруга минималните капацитети можат да се докажат преку производствените капацитети на членовите за земјоделската задруга и/или преку постојаните договори со кооперантите.

Корисниците се должни да ги евидентираат сите промени на производните капацитети во Единствениот регистер на земјоделки стопанства и во Системот за идентификација на земјишни парцели и/или Регистарот за идентификација на животни особено оние кои се резултат на реализираната инвестиција пред поднесување на конечно барање за исплата.

## 7.2 Општи критериуми за доделување на средства

Инвестициите треба да се реализираат на имот кој е во сопственост на барателот. Во случај на инвестициски проекти, кои се реализираат на имот кој не е во сопственост на барателот, треба да биде доставен договор за закуп, имотен лист со цел докажување на правото на користење на имотот кој е засегнат од инвестицијата за период од најмалку 7 години од денот на поднесување на барањето. Договорот за закуп, времетраењето и површината на која се однесува договорот задолжително треба да биде впишан во имотниот лист.

Овластениот претставник на земјоделското стопанство треба да докаже дека има завршено минимум средно образование или високо образование преку диплома/сертификат или минимум 3 години работно искуство од областа на земјоделско производство, преработка или услуги поврзани со земјоделството (докажано преку доказ за професионално работно искуство или преку доказ како корисник на националните програми за поддршка во земјоделството и руралниот развој или други прифатливи писмени докази).

Кандидатите кои не ги исполнуваат горенаведените вештини и компетенции на крајот од инвестицијата треба да обезбедат сертификат за обука издаден од страна на релевантни стручни институции за обука, образовни и истражувачки институции или јавни советодавни институции, доставувајќи ја и листата на посетени обуки поврзани со инвестицијата.

Најмалку едно одговорно лице од правниот субјект кој го претставува земјоделското стопанство или земјоделската задруга треба да е во редовен работен однос или под договор со времетраење не пократко од 5 години. Трговците поединци и индивидуалните земјоделски производители (регистрирани согласно законот за вршење на земјоделска дејност) треба да бидат постојано вработени. Во случај на нови инвестиции овој услов треба да биде исполнет пред поднесување на конечното барање за исплата.

## 1.1 Исполнување на соодветни стандарди

Земјоделското стопанство корисник на оваа мерка со поднесување на барање за исплата (завршување на инвестицијата) треба да докаже со доставување на соодветен документ дека во целост ги почитува минималните национални стандарди за заштита на животната средина, јавното здравје и благостојба на животни.

**Напомена:** Листата на минимални национални стандарди по прифатлив сектор претставува составен дел од ова Упатство и е дадена како **Прилог 3**.

Барателите кога доставуваат конечно барање за исплата треба да достават и документи кои се издадени од страна на надлежните органи како што се:

- Агенција за храна и ветеринарство за почитување на јавното здравје во согласност со Законот за безбедност на храната (се применува за инвестиции поврзани со хигиена во млекото и на фармски активности за преработка во рамките на оваа мерка) и стандардите за благосостојба на животните во согласност со Законот за благосостојба на животните (се однесува само за секторот сточарство и преработки на фарма - колење);
- Единиците за локалната самоуправа или Министерство за животна средина и просторно планирање за стандарди за заштита на животната средина во согласност со Законот за животната средина (за инвестиции поврзани со изградба на нови објекти, предмет на условите од законот за градба и инвестиции во интензивно одгледување на свињи и живина).

Во случај документите на органите да посочуваат дека подносителот не ги исполнува стандардите и доколку е доделен преоден (транзициски) период за усогласување, пред доставување на конечното барање за исплата, договорот меѓу корисникот и Агенцијата може да се продолжи со времетраење кое на корисникот му овозможува доволно време за постигнување на тие стандарди пред доставување на конечното барање за исплата. Продолжувањето на времето на договорот несмее да надмине 3 години.

**Каде што е соодветно, Агенцијата може да добие документ со кој се потврдува почитувањето на важечките национални минимални стандарди по службен пат, односно преку пристап до електронската евиденција или во писмена форма преку барање до надлежните органи одговорни за соодветниот стандард.*

## 7.3 Економска оддржливост

Финансиска поддршка може да биде доделена на корисници кои што предлагаат инвестиции со финансиска/економска оддржливост. Економската и финансиската оддржливост ќе бидат проценети врз база на Техничкиот предлог проект или Деловен план.

Во случај на предложени проекти кои што имаат вкупен буџет на прифатливи средства под 50.000 евра, економската оддржливост се демонстрира преку Технички предлог проект кој што ќе содржи финансиски индикатори во смисла на генерирање доволен приход кој што ќе ги достигнува оперативните трошоци на земјоделското стопанство.

Во случај на предложени проекти кои што имаат вкупен буџет на прифатливи средства над 50.000 евра и во случај кога барател е земјоделска задруга, економската оддржливост треба да се покаже преку Деловен план.

Барателот треба да демонстрира континуитет на работењето во текот на најмалку пет години по реализација на инвестицијата.

**Напомена:** Техничкиот предлог проект/Деловен план потребно е да бидат изготвени согласно утврдениот образец за изготвување на Техничкиот предлог

проект/Деловен план, кои може да се превземат од интернет страната на Агенцијата: www.ipardpa.gov.mk.

## 7.4 Специфични критериуми по типови на инвестиции

***Инвестиции во системи за наводнување:***

- Инвестициите кои се однесуваат на воспоставување на нови системи за наводнување или на санација/надградба на постојната мрежа за наводнување на имотот на земјоделското стопанство (кое може да биде во сопственост или со право на користење од страна на барателот);

- Во Техничкиот предлог проектот/Деловениот план за **инвестиции во нови системи за наводнување** или реконструкција на постоечки, треба да биде елаборирана ефикасноста при користење на водата и водните резерви и ефективноста од инвестицијата во однос на потрошувачката на вода.

- Доколку барањето се однесува на реконструкција на постоечки системи за наводнување, во Техничкиот предлог проект/Деловениот план треба да биде елабориран **постоечкиот систем за наводнување** и неговата неефикасност во однос на потрошувачката на вода и на каков начин користењето на поефикасен систем за наводнување ќе допринесе за поефикасно користење на водата и водните резерви;

- Доколку барателите предлагаат инвестиции во нови системи за наводнување или реконструкција на постоечки системи, во фаза на поднесување на барањето за финансиска поддршка треба да достават и доказ (документ) за докажување на достапен извор за вода за наводнување. Документот за докажување може да биде во форма на договор со А.Д Водостопанство или дозвола за користење на вода за наводнување издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање кои го одобруваат користењето на изворот за вода (подземна, надземна и сл.) за наводнување во согласност со Законот за води, или други јавни договори склучени со јавни органи надлежни за вода и комунални работи каде што е применливо или други приватни договори.

- Во случај на инвестиции во санација/надградба на постоечки систем за наводнување каде апликантот има договор со Водните заедници или Водостопанските претпријатија или други јавни договори склучени со јавни органи надлежни за вода и комунални работи каде што е применливо или други приватни договори, треба со **барањето за финансиска поддршка** да се достави доказ за платени обврски кон истите.

- Во случај на инвестиции во нови системи за наводнување каде апликантот има договор со Водните заедници или Водостопанските претпријатија или други јавни договори склучени со јавни органи надлежни за вода и комунални работи каде што е применливо или други приватни договори, треба со **барањето за исплата** да се достави доказ за платени обврски кон истите.

***Инвестиции во оранжерии:***

• Проектите поврзани со воспоставување или модернизација на оранжерии се ограничени на инвестиции во пластеници и стакленици (не се поддржуваат привремените пластеници – тунели).

*Инвестиции во повеќегодишни насади:*

• Садниот материјал треба да биде во согласност со Листата на одобрени или признаени овошни сорти и/или Листата на домашни и странски сорти на трпезно грозје и во согласност со Анекс 1 од Директивата на Советот на ЕУ 2008/90/ЕС. Лозите или лозниот саден материјал треба да биде во согласност со Националната сортна листа согласно Законот за семе и саден материјал и Законот за вино или со Општиот каталог на сорти на вино и сорти на винова лоза и подлоги на ЕУ важечки во времето на објавување на јавниот повик. Сортите на Noah, Othello, Isabelle, Jacquez, Clinton и Herbemont се сметаат како хибридни сорти и не се дозволени според Законот за вино;

• Во случај на повторно засадување на долгогодишни насади со истата сорта на истата земјоделска површина/парцела, набавката на садниот материјал треба да биде придружена со инвестиции кои водат кон модернизација (набавка на земјоделска механизација или опрема и опрема и или/системи за рационално (штедливо) користење на вода за наводнување);

• Лозовите насади кои се во сопственост на барателот или се со право на користење мора да бидат регистрирани во Националниот регистар за лозови насади пред поднесување на конечното барање за исплата.

*Инвестиции во сточарско производство*:

• Одгледувањето на животни/живина треба да биде во адекватен простор и простории со обезбедени соодветни услови за одгледување како и дополнителен простор. Минималната големина на дозволен простор по животно (крави, овци, кози, свињи и нивните потомци) треба да биде во согласност со „Правилникот за условите и начинот на заштита на фармски животни" на крајот на инвестицијата;

• Минимална големина на дозволен простор за живина, треба да се почитува како што следи:

- Просторот за одгледување на живина за месо треба да биде со густина на чување кој не надминува 42 кг/м$^2$ или 17 бројлери по м$^2$;
- Просторот за одгледување на несилки треба да биде со најмалку 750 cm$^2$ кафезна површина по кокошка (систем за одгледување во кафези) и/или густина која не надминува повеќе од 9 носилки на 1 m$^2$, со по најмалку едно гнездо на секои 7 кокошки и соодветни гранки (стоилки) во случаи на алтернативно одгледување на живина.

• Барателите кои предлагаат инвестиции во сточарско производство, во Техничкиот предлог проектот/Деловениот план треба да елаборираат дека сточарските објекти се надополнети со системи за изѓубрување, системи за справување и складирање во согласност со опциите наведени во **Прилог 5** од Упатството или да предложат инвестиции за воспоставување и надградба на

објекти за справување и складирање на арското ѓубре до минимално опишаните опции;

• Барателите кои се занимаваат со интензивно одгледување на свињи со повеќе од 2 000 легла за гоени свињи (над 30 кг) или 750 легла за маторици или инсталации за интензивно живинарство со повеќе од 40 000 легла за живина во согласно со Законот за животна средина, можат да предложат инвестиции за спроведување на активности од оперативните планови за воспоставување на интегрирани еколошки барања. Документот со кој се докажува дека оперативните планови се договорени/одобрени од страна на МЖСПП треба да биде поднесен при аплицирањето за поддршка, а документот со кој се докажува позитивната оценка за спроведените активности издаден од МЖСПП треба да се достави на крајот од инвестицијата со конечното барање за исплата.

***Инвестиции во пост-бербени активности:***

• Инвестициска поддршка за пост-бербени активности, преработка на земјоделското стопанство и директен маркетинг во рамки на оваа мерка ќе биде доделена само за сопственото земјоделско производство, произведено на земјоделското стопанство или земјоделското производство на членовите на задругата и ќе се оценува од страна на Агенцијата врз основа на Технички предлог проект/Деловен план и преку последователни контроли.

***Инвестиции во обновливи извори на енергија:***

• Инвестиции во производство на енергија од обновливи извори (биомаса, ветер, сонце, хидро, геотермална итн. и/или преку преработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса, опфатени со Анекс I од Договорот со ЕУ), само во случај кога инвестицијата се однесува на производство на обновлива енергија, која е во рамките на потребниот капацитет на потрошувачка на корисникот (земјоделското стопанство).

# 8 Потребни документи при поднесување на барањето

Напомена:

**Согласно Законот за изменување и дополнување на законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Сл. весник на РМ“ бр. 190/2019) целокупната документација подолу наведена во овој јавен повик потребно е да биде доставена во моментот на поднесување на барањето за финансиска поддршка, во спротивно барањето ќе биде одбиено.**

**Долунаведените документи кои се доставуваат во прилог на барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата (2014-2020) треба да се**

**оригинал или копија заверена на нотар, доколку не е поинаку определено покрај самиот документ. Доколку документацијата е на друг јазик истата треба да биде придружена со превод на македонски јазик заверен од овластен преведувач. Документите кои што се издаваат врз основа на јавните книги или востановен систем на евиденција не треба да бидат постари од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, со исклучок на документите кои го потврдуваат исполнувањето на обврските за платени даноци и придонеси кој не треба да биде постар од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик**

| РЕДЕН БРОЈ | НАЗИВ НА ДОКУМЕНТ |
|---|---|
| 1. | ЦЕЛОСНО ПОПОЛНЕТО БАРАЊЕ ЗА МЕРКАТА ИНВЕСТИЦИИ ВО МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА |
| 2. | КОПИЈА ОД ЛИЧНА КАРТА ИЛИ ПАСОШ ОД ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ НА БАРАТЕЛОТ |
| 3. | ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА НА БАРАТЕЛОТ (КОПИЈА) |
| 4. | ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ДЕКА НА КРАЈОТ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА ЌЕ СЕ РЕГИСТРИРА ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА<br>(Овој документ се доставува во случај кога барателот предлага нова инвестиција во сточарското производство). |
| 5. | ДОКАЗ ЗА ЗАВРШЕНО ОБРАЗОВАНИЕ (НАЈМАЛКУ СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ) НА БАРАТЕЛОТ-ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ИЛИ ОДГОВОРНО ЛИЦЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ИЛИ ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА, ИЛИ<br>МИНИМУМ 3 ГОДИНИ ИСКУСТВО ВО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕРАБОТКА ИЛИ УСЛУГИ ПОВРЗАНИ СО ЗЕМЈОДЕЛСТВО<br>(ИЛИ<br>ДОКАЗ ЗА ПОСЕТЕНА ОБУКА ОД ЗНАЧЕЊЕ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА, ИЛИ<br>ПОТПИШАНА ИЗЈАВА ДЕКА БАРАТЕЛОТ СЕ СОГЛАСУВА ДА УЧЕСТВУВА НА ПРОФЕСИОНАЛНА ОБУКА ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ИНВЕСТИЦИЈАТА |
| 6. | КОПИЈА ОД АКЦИОНЕРСКА КНИГА И ПРОПРАТНО ПИСМО<br>*(Овие документи се задолжителни во случај кога барателот е акционерско друштво).* |
| 7. | ДОКАЗ/ПОТВРДА ДЕКА НАЈМАЛКУ ЕДНО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ Е ВО РЕДОВЕН РАБОТЕН ОДНОС ВО ПРАВНИОТ СУБЈЕКТ ИЗДАДЕДЕНА ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ИЛИ<br>ДОКАЗ ДЕКА НАЈМАЛКУ ЕДНО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ Е АНГАЖИРАНО СО ДОГОВОР, ИЛИ<br>ДОКАЗ/ ПОТВРДА ДЕКА НАЈМАЛКУ ЕДНО ОДГОВОРНО ЛИЦЕ Е ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНО ВО ПРАВНИОТ СУБЈЕКТ ИЗДАДЕДЕНА ОД АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>(Потврдата е задолжителна во случај кога барателот има регистрирано фирма односно во случај на нова инвестиција еден од овие документи треба да биде доставен до крајот на инвестицијата).<br>Под нова инвестиција се подразбира инвестиција предложена од ново регистрирана фирма која сеуште нема поднесено годишна даночна пријава или постоечка фирма која предлага инвестиција во сосема нова дејност, пример: фирмата се занимава приоритетно со производство на млеко а предлага инвестиција во подигање на овошни насади. |

| | |
|---|---|
| | Во случај кога барателот ќе го достави договорот, одговорното лице мора да биде регистрирано во Агенцијата за вработување како привремено вработен во фирмата-барател.<br>(Доказ дека одговорното лице е во редовен работен однос е задолжително за барателите: правни лица и задруги). |
| 8. | ДОКАЗ ЗА ПОДМИРЕНИ ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА ДАНОЦИ, ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ<br>*(Издадена од УЈП)* |
| 9. | ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ДЕКА НА КРАЈОТ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА ЌЕ БИДЕ РЕГИСТРИРАН ЗА ВРШЕЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА ДЕЈНОСТ (ЗА ПРЕРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ) НА ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО<br>(*Овој документ е задолжителен во случај кога барателот е семејно земјоделско стопанство кој предлага нови инвестиции односно барателот не е регистриран за вршење на дополнителна дејност во моментот на поднесување на барањето).* |
| 10. | ПОТВРДА ДЕКА БАРАТЕЛОТ НЕ Е ВО ПОСТАПКА НА СТЕЧАЈ ИЗДАДЕН ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РСМ. |
| 11. | ПОТВРДА ДЕКА БАРАТЕЛОТ НЕ Е ВО ПОСТАПКА НА ЛИКВИДАЦИЈА ИЗДАДЕН ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РСМ., |
| 12. | ПОТВРДА ДЕКА ПРОТИВ БАРАТЕЛОТ НЕ Е ИЗРЕЧЕНА ПРЕКРШОЧНА САНКЦИЈА ЗАБРАНА НА ВРШЕЊЕ ПРОФЕСИЈА, ДЕЈНОСТ ИЛИ ДОЛЖНОСТ И ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА ЗА ВРШЕЊЕ ОДДЕЛНА ДЕЈНОСТ, ИЗДАДЕН ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РСМ. |
| 13. | ИМОТЕН ЛИСТ ЗА ОБЈЕКТ, И/ИЛИ ЗА ЗЕМЈИШТЕ<br>*Напомена: Во случај доколку има договор за закуп или концесија за имотот кој е предмет на инвестиција истите треба да бидат прибележани во имотниот лист.* |
| 14. | ДОГОВОР ЗА ЗАКУП ЗА ОБЈЕКТ И/ИЛИ ЗЕМЈИШТЕ<br>*Договор за закуп за објект и / или земјиште се доставува доколку се планира ивестиција на објект и/или земјиште кои се изнајмени. Договор за закуп за објект и / или земјиште се доставува доколку се планира ивестиција на објект и/или земјиште кои се изнајмени.* |
| 15. | ДОГОВОР ЗА КОНЦЕСИЈА НА ЗЕМЈИШТЕ<br>*Договор за концесија на земјиште се доставува доколку се планира инвестиција на земјиште кое се користи под концесија. Договор за концесија на земјиште се доставува доколку се планира инвестиција на земјиште кое се користи под концесија.* |
| 16. | ДОКАЗ ЗА РЕДОВНО ПОДМИРЕНИ ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА ДОГОВОР ЗА КРЕДИТ ВО СЛУЧАЈ КОГА БАНКАТА ИМА ВОСПОСТАВЕНО ЗАЛОГ ВРЗ ИМОТОТ, ВПИШАН ВО РЕЛЕВАНТНИОТ ИМОТЕН ЛИСТ, ПРЕДМЕТ НА ИНВЕСТИЦИЈА. |
| 17. | ДОЗВОЛА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ ИЗДАДЕНА ОД АД Водостопанство ИЛИ МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ.<br>*Напомена: овој документ треба да се достави во случај на инвестиција во системи за наводнување* |
| 18. | ПОТВРДА ЗА ПЛАТЕНИ ОБВРСКИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ВОДА ЗА НАВОДНУВАЊЕ<br>*Напомена: овој документ треба да се достави во случај на инвестиција за надградба/рехабилитација на постоечки системи за наводнување а се поврзани со колективните системи за наводнување на АД Водостопанство* |
| 19. | РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ИЛИ<br>РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА СО ОДОБРЕН АКЦИСКИ ПЛАН, ИЛИ<br>А ИЛИ Б ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА, ИЛИ |

| | |
|---|---|
| | ОДОБРЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА А ИЛИ Б ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА, ИЛИ<br>БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРЕН ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ИЛИ<br>ПОТВРДА ДЕКА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО (БАРАТЕЛОТ) НЕ Е ОБВРЗАН ДА ИЗГОТВИ ЕЛАБОРАТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА<br>• Документот се однесува на целокупното земјоделско стопанство.<br>• Документот е издаден од страна на локалната самоуправа или Министерството за животна средина и просторно планирање;<br>*Документот се однесува за баратели кои имаат регистрирано или предлагаат инвестиции во производство на млеко, месо, јајца, постбербени активности и преработка на земјоделски производи на земјоделското стопанство.* |
| 20. | ИЗЈАВА НА БАРАТЕЛОТ ДЕКА Е ЗАПОЗНАТ СО УСЛОВИТЕ ПРОПИШАНИ ВО ЛИСТАТА НА ПОСЕБНИ МИНИМАЛНИ УСЛОВИ ЗА ДОБРА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПРАКСА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОБЈАВЕНИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР. 178/2015" И ДЕКА ИСТИТЕ ЌЕ ГИ ПОЧИТУВА И СПРОВЕДУВА НА ЦЕЛОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО ПРЕД ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ИСПЛАТА. |
| 21. | ЕДНА ПОНУДА ИЗДАДЕНА ОД ДОБАВУВАЧ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ (ФУНКЦИОНАЛНО ЗАВИСНИ) СО ИЗНОС ПОМАЛ ОД 10.000 ЕВРА ПРИДРУЖЕНА СО ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА И ИЗЈАВА ЗА ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ |
| 22. | ТРИ ПОНУДИ ИЗДАДЕНИ ОД РАЗЛИЧНИ НЕЗАВИСНИ ДОБАВУВАЧИ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ (ФУНКЦИОНАЛНО ЗАВИСНИ) СО ИЗНОС ПОГОЛЕМ ОД 10.000 ЕВРА ПРИДРУЖЕНИ СО ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА И ИЗЈАВА ЗА ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ.<br><br>Напомена: ставките/групата на ставки од еден добавувач не треба да бидат вештачки поделени со вредност под 10.000 евра со цел прибирање само една понуда.<br>Доколку ставките се меѓу себно функционално зависни, пример претсатвуваат една производна целина, а се издадени од еден добавувач, ќе се третираат како една група на ставки. |
| 23. | КОПИИ ОД ЛИЦЕНЦИ ЗА ГРАДБА ЗА РЕЛЕВАНТНАТА КАТЕГОРИЈА НА ГРАДБА ЗА СЕКОЈ ПОНУДУВАЧ |
| 24. | КОПИЈА ОД ДОКУМЕНТ КОЈ ЌЕ СОДРЖИ ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА ЗА СИТЕ СТРАНСКИ ДОБАВУВАЧИ/СТРАНСКИ ПОНУДИ. |
| 25. | КОПИЈА ОД АКЦИОНЕРСКА КНИГА ЗА СИТЕ ПОНУДУВАЧИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРАНИ КАКО АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА |
| 26. | ИЗЈАВА ОД БАРАТЕЛОТ СО ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПРИЧИНИТЕ ЗА ИЗБОР НА КОНКРЕТНАТА ПОНУДА ВО СЛУЧАЈ КОГА ИЗБРАНАТА ПОНУДА НЕ Е СО НАЈНИСКА ЦЕНА<br><br>*Напомена: во споредба на цените се земаат цените без изразен ДДВ.* |
| 27. | ДОГОВОР ЗА ОПШТИ ТРОШОЦИ<br><br>*Напомена: Договор се доставува доколку општите трошоци не се реализирани и не се исплатени* |
| 28. | ФАКТУРА ЗА ОПШТИ ТРОШОЦИ<br><br>*Напомена: Фактура се доставува доколку општите трошоци се реализирани и исплатени* |
| 29. | ИЗВОД ОД БАНКА СО КОЈ СЕ ПОТВРДУВААТ ПЛАТЕНИТЕ ОПШТИ ТРОШОЦИ<br><br>*Напомена: Доколку општите трошоци се реализирани и исплатени, тогаш се доставува извод од банка* |

| | |
|---|---|
| 30. | **ЕДНА ПОНУДА ИЗДАДЕНА ОД ДОБАВУВАЧ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ ЗА ОПШТИ ТРОШОЦИ СО ИЗНОС ПОМАЛ ОД 10.000 ЕВРА** |
| 31. | **ТРИ ПОНУДИ ИЗДАДЕНИ ОД РАЗЛИЧНИ ДОБАВУВАЧИ ЗА СЕКОЈА СТАВКА/ ГРУПА НА СТАВКИ ЗА ОПШТИ ТРОШОЦИ СО ИЗНОС ПОГОЛЕМ ОД 10.000 ЕВРА** |
| 32. | **ОДОБРЕНИЕ ЗА :**<br>• изградба на нов обејкт<br>• реконструкција на постоечки објект<br>• адаптација на постоечки објект<br>• доградба на постоечки објект<br>• надградба на постоечки објект<br>• поставување на опрема за производство на енергија од обновливи извори на енергија<br>• изведена состојба или изјава од барателот дека релевантното одобрение ќе се достави до денот на донесување на решението за одобрување на барањето за финансиска поддршка но не подолго од 1 година од денот на поднесување на барањето<br>(одобрението треба да се достави оригинал со печат за правосилност)<br>или<br>• потврда од релевантната институција дека за предложената инвестиција не е потребно одобрение за градба<br><br>Потврдата ја издава Единица на Локална Самоуправа. |
| 33. | **РЕШЕНИЕ ЗА ПРОМЕНА НА ИНВЕСТИТОР ИЛИ ИЗЈАВА ОД БАРАТЕЛОТ ДЕКА РЕЛЕВАНТНОТО РЕШЕНИЕ ЌЕ СЕ ДОСТАВИ ДО ДЕНОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НО НЕ ПОДОЛГО ОД 1 ГОДИНА ОД ДЕНОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО**<br><br>*Решение за промена на инвеститор се доставува само доколку одобрението за градба не е издадено на име на Барателот.* |
| 34. | КОПИИ ИЛИ ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА (ЦД) ОД ОСНОВНИТЕ ТЕХНИЧКИ ЦРТЕЖИ И ПРЕДМЕР - ПРЕСМЕТКА ОД РЕВИДИРАНА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА<br>• изградба на нов обејкт<br>• реконструкција на постоечки објект<br>• адаптација на постоечки објект<br>• доградба на постоечки објект<br>• надградба на постоечки објект<br>• поставување на опрема/инсталација за производство на енергија од обновливи извори на енергија<br>• изведена состојба |
| 35. | **ВРЕМЕНА СИТУАЦИЈА/СОСТОЈБА ЗА СИТЕ ЗАВРШЕНИ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ**<br><br>*Времена ситуација се досатвува само доколку барателот има изградено дел од објектот кој е предемет на инвестиција и за истиот не бара финансиска поддршка.* |
| 36. | **ДЕЛОВЕН ПЛАН ЗА ИНВЕСТИЦИИ СО ВКУПНА ПРИФАТЛИВА ВРЕДНОСТ НАД 50.000 ЕВРА**<br><br>*Напомена: барател земјоделска задруга треба да достави деловен план без разлика на износот на вкупна прифатлива вредност инвестицијата.* |
| 37. | **ТЕХНИЧКИ ПРЕДЛОГ ПРОЕКТЗА ИНВЕСТИЦИИ СО ВКУПНА ПРИФАТЛИВА ВРЕДНОСТ ПОД 50.000 ЕВРА** |

## ЛИСТА НА ДОКУМЕНТИ ОБЕЗБЕДЕНИ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ ВО ФАЗА НА ДОСТАВУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

| |
|---|
| ДОКАЗ ЗА РЕГИСТРИРАНО СЕМЕЈНО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО<br>РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА ДЕЈНОСТ ВО СЕМЕЈНО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО<br>*(Овој документ се добива по службена должност во случај кога барателот аплицира како семејно земјоделско стопанство и веќе се занимава со производство и преработка на храна).* |
| ПОТВРДА ЗА ПРИЈАВЕНИ ПРОИЗВОДНИ КАПАЦИТЕТИ (ВО ЕДИНСТВЕН РЕГИСТАР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА, МЗШВ-ПОДРУЖНИЦИ) |
| ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ-БАРАТЕЛОТ<br>*(Овој документ се добива по службена должност во случај кога барателот аплицира како трговско друштво, трговец поединец, индивидуален земјоделски производител, регистрирани според Законот за вршење на земјоделска дејност).*<br>СТАТУТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА<br>*(Овој документ се добива по службена должност во случај кога барателот аплицира како задруга).* |
| СПИСОК НА АКЦИОНЕРИ<br>*Овој документ се добива по службена должност во случај кога барателот е акционерско друштво и има податоци за компанијата на веб страницата на Централниот депозитар за хартии од вредност на Р. Македонија кои не се постари од 3 месеци од денот на објавување на јавниот повик).* |
| ДОКАЗ ЗА РЕГИСТРИРАНА ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАДРУГА ВО РЕГИСТАРОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ<br>(*Овој документ се добива по службена должност во случај кога барателот е земјоделска задруга)* |
| ПОТВРДА ДЕКА БАРАТЕЛОТ НЕМА НЕПОДМИРЕНИ ОБВРСКИ КОН МЗШВ ЗА ПОСЛЕДНАТА ФИСКАЛНА ГОДИНА<br>*(Овој критериум задолжително се проверува по службена должност со цел да се потврди дали барателот има неподмирени обврски кон МЗШВ по однос Закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост).* |
| ДОКАЗ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТИ-АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНА<br>(*Овој документ се добива по службена должност во случај кога барателот веќе се занимава со соодветната дејност).* |
| МИСЛЕЊЕ ДЕКА ПЛАНИРАНАТА ИНВЕСТИЦИЈА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, |

| |
|---|
| БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ, ВЕТЕРИНАРНОТО ЈАВНО ЗДРАВСТВО (АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНА) |
| ДОКАЗ ЗА РЕГИСТРИРАНО ОДГЛЕДУВАЛИШТЕ<br>*(Овој документ се добива по службена должност во случај кога барањето се однесува на сточарско производство).* |

Агенцијата го задржува правото да побара дополнителна документација со цел докажување на исполнување на критериумите од ИПАРД Програмата 2014-2020 за користење на финансиска поддршка.

# 9 Административна процедура за обработка на барањето

## 9.1 Поднесување на барањето за финансиска поддршка

По објавување на јавниот повик од страна на АФПЗРР, за поднесување на барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020, потенцијалниот корисник на средствата треба да поднесе „барање за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020“ по соодветната мерка. Барањето треба да биде јасно, читливо и недвосмислено пополнето на македонски јазик и кирилично писмо. Заедно со барањето треба да бидат доставени и сите пропратни општи и посебни документи соодветно на типот на инвестиција. Барањата, комплетирани со целокупната документација, **затворени во плик** на кој на горниот лев агол да пишува **„НЕ ОТВАРАЈ за Јавен повик ИПАРД бр. 01/2020“** како и мерката за која се поднесува барањето, да бидат доставени по препорачана пошта на адреса:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ул. „3-та Македонска бригада“ бр. 20 зграда на Македонија Табак блок Ц 1000 Скопје, Република Македонија,** или лично на рака во писарницата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), на истата адреса.

Потребните обрасци од „Барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020“ како и „Упатство за корисници на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020“ во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на барање за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020, во електронска верзија може да се превземат на интернет-адресата на Агенцијата: www.ipardpa.gov.mk

**Напомена:**

- Баретелот може да поднесе повеќе барања по различни мерки за време на еден јавен повик;
- Барателот може да поднесе едно барање на еден јавен повик во рамките на една мерка;
- Доколку мерката е составена од повеќе приоритетни сектори, барањето може да содржи елементи од повеќе приоритетни сектори;
- Доколку барателот повторно поднесува барање по истата мерка, претходниот проект за кој е одобрена финансиска поддршка треба да има поднесено барање за исплата во моментот на поднесувањето на новото барање. Барателот не може да склучи договор по однос на новото поднесено барање, во случај истото да е комплетно и соодветно, се додека не биде исплатена во целост предходната инвестицијата.

## 9.2 Обработка на барање и избор на корисници

По отворање на барањето, исполнувањето на основните услови за прифатливост (како што се тип на корисник и вид на прифатливи инвестиции) ќе бидат проверени во прв план. Проверката за комплетност во смисла дали барањето ги содржи сите документи кои се наведени во јавниот повик и истата ќе се спроведе за прифатливите баратели на средства.

Барањето за финансиска подршка кое не ја содржи потребната придружна документација во моментот на поднесувањето на барањето, Агенцијата ќе го одбие како некомплетно.

. По извршената проверка за комплетност ќе се изврши и проверка за усогласеност и исполнување на критериумите за прифатливост (како што се почитување на националните минимум стандарди и други општи и посебни услови во рамки на мерката). Само комплетните барања ќе бидат предмет на понатамошна проверка на прифатливост на трошоците и проценка на економската и финансиската одржливост.

При обработката на барањето доколку Агенцијата утврди дека одреден документ е нејасен и е потребно дообјаснување по истиот, Агенцијата ќе побара појаснување од барателот и ќе го задолжи истото дообјаснување да го достави во рок од 8 дена. Доколку барателот не постапи по Барањето за појаснување во предвидениот рок Агенцијата ќе одлучи согласно расположливата документација.

Прифатливоста на трошоците ќе биде проверена во однос на листата на прифатливи трошоци одобрени од страна на Комисијата. Вредноста на прифатливите трошоци ќе биде дополнително проверена дали одговара на пазарната вредност на соодветните предмети прикажана преку три независни понуди од добавувачи (за стока со вредност над 10.000 евра), споредбено со референтните вредности поставени од страна на ИПАРД Агенцијата или споредено со стандардните трошоците. Вкупниот износ на прифатливи трошоци ќе се проверува во однос на минимум и максимални прагови утврдени за проекти во рамките на една мерка. Доколку вкупниот износ на прифатливи трошоци е под минималниот, проектите ќе бидат одбиени. Проценка на економско-финансиската одржливост ќе биде спроведена за проекти кои ги исполнуваат условите за прифатливост и имаат комплетна документација. Проценката се врши во согласност со методологијата на ИПАРД Агенцијата за пресметување на вредностите на индикаторите на критериумите за економска и финансиска одржливост. Барателите на средства ќе бидат одбиени доколку:

- тие не ги исполнуваат критериумите за прифатливост;
- трошоците не може да се утврдат како прифатливи;
- проектот не е одржлив.

По направената контрола следува рангирање на поднесените проекти со бодување. По извршената контрола на фактичката состојба на терен од страна на АФПЗРР, потенцијалниот корисник ќе биде писмено известен за прифаќање или одбивање на неговото барање. Доколку барањето биде оценето позитивно и

прифатено, АФПЗРР до потенцијалниот корисник испраќа “Решение за распределба на финансиски средства”.

Врз основа на член 20 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/07, 05/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 190/2019) против решенијата на Агенцијата не е дозволена жалба и истите се конечни во управна постапка. Против решенијата на Агенцијата може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение пред Управниот суд во Скопје. Поведувањето на управниот спор не го одлага извршувањето на решението.

## 9.3 Критериуми за избор (рангирање)

Со цел да се осигури дека инвестицијата ги исполнува целите на мерката за прифатливите проекти ќе се доделуваат бодови според следните приоритети:

- Инвестиции кои се однесуваат на системи за манипулација со шталско ѓубре (складирање, третман, понатамошно користење и сл), инвестиции во заштита на водите од загадувањето предизвикано од нитратите со потекло од земјоделските активности, вклучувајќи и инвестиции за подобрување на ефикасноста во употребата на азотни ѓубриво. **(25 бодови);**

- Инвестициска подршка за воведување производство на енергија од обновливи извори на фарма (на пр. биогас, соларна енергија, ветерници, гео-термална енергија, итн.) и/или практики за заштеда на вода (пример: системи капка по капка, системи за приспособување на животните во соодносот со потрошувачка на вода и намалување на загубите на вода како што се корита за напојување со константно ниво итн.) **(20 бодови);**

- Инвестиции во постигнување на стандардите за благосостојба на животните. **(15 бодови)**, или

- Инвестиции со цел ефикасно користење на водата, ублажување на последиците од климатските промени (мрежи за заштита, покривки итн.) **(25 бодови).**

**ПОД-ЗБИР БОДОВИ: најмногу 60 бодови**

- Сертифицирани органски земјоделски производители или со пренамена добиле сертификат за органско земјоделство (15 бодови);

- Земјоделски задруги кои се прифатливи или користат национална поддршка за формирање и водење на Земјоделски задруги (според евиденцијата на ИПАРД Агенција) (20 бодови), или

- Правно лице претставник на земјоделското стопанство кое првенствено се занимава со земјоделска дејност, преработка на земјоделски производи и / или услуги во врска со земјоделското производство (10 бодови), или

• Семејни земјоделски стопанства претставувани од страна на млади земјоделци кои се на возраст од 18години, а помалку од 40 години на денот кога е поднесено барањето за финансиска поддршка или жени (20 бодови).

**ПОД-ЗБИР БОДОВИ: најмногу 40 бодови**

**ВКУПНО БОДОВИ: 100 бодови**

Бодирањето ќе се користи за избор на проекти преку рангирање, во случаи кога бараниот износ за финансиска поддршка на прифатливите проекти е поголем од достапниот финансиски буџет кој е одреден за оваа мерка.

Проект со 0 поени може да се одобри во случај кога бараниот износ за финансиска поддршка е понизок од достапниот буџет за финансирање на оваа мерка и се исполнети условите за прифатливост.

## 9.4 Склучување на договор

Со решението за распределба на финансиски средства, АФПЗРР го известува потенцијалниот корисник дека во рок од 30 дена треба да дојде во просториите на АФПЗРР да потпише „Договор за финансиска поддршка“ со АФПЗРР. По потпишување на договорот потенцијалниот корисник може да отпочне со реализација на проектот. Договорот се потпишува во 4 (четири) идентични примероци од страна на корисникот и директорот на АФПЗРР, од кои по два примерока добива секоја од договорните страни.

# 10 Реализација на договорот

Со реализацијата на проектот може да се почне откако договорот за кофинансирање е потпишан и може да има времетраење од максимум 2 години. Службите на ИПАРД Агенцијата или институции на кои ИПАРД Агенцијата може да делегира одговорност, ќе спроведе мониторинг и надзор над извршувањето на проектите. Следење на имплементацијата на проектот, исто така, може да се контролира преку обврската на корисникот за известување за напредокот на спроведувањето на проектот или преку извештаи од технички надзор во текот на изградбата. Само оние трошоци кои настанале откако договорот за проектот за кофинансирање помеѓу корисникот и ИПАРД Агенцијата е склучен, ќе се сметаат за прифатливи за кофинансирање. Исклучок од правило се единствено општите трошоци. Општите трошоци може да се однесуваат за време пред склучување на договорот за кофинансирање на проектот помеѓу корисникот и ИПАРД Агенцијата или пред издавање на решението за одобрување на проектот, но не порано од 01/01/2014. Општите трошоци може да се сметаат за прифатливи за ко-финансирање само доколку барателот побарал поддршка за општи трошоци во барањето со обезбедена детална документација за оправдување на реалноста и вистинитоста на доставените трошоци и доколку проектот на кои се однесуваат е одобрен од страна на ИПАРД Агенцијата и за истиот е потпишан договор. Трошоците за специфични информативни и рекламни активности на ниво на проект кои се на одговорност на корисникот ќе бидат прифатливи за

кофинансирање само доколку активностите се во согласност со правилата за публицитет и видливост кои се применуваат за Програмата.

# 11 Исплата на средства

Откако ќе биде завршена инвестицијата, крајниот корисник треба да достави барање за исплата. Барањето за исплата е пропратен документ на договорот потпишан помеѓу корисникот и Агенцијата. Заедно со барањето за исплата треба да се достави и останатата документација поврзана со направените трошоци (фактури, налог ПП-30, извод од банка) и останати документи наведени во самото барање за исплата. Документите кои ќе бидат доставени од страна на корисникот треба да бидат заверени со потпис и печат од органот/фирмата која ги издава.

Барање за исплата е унифициран образец кој што крајните корисници го добиваат при потпишување на договорот, за секоја мерка поединечно. Барањата за исплата исто така ќе бидат достапни за подигнување во просториите на Агенцијата и од веб страната www.ipardpa.gov.mk.

Барањата за исплата се доставуваат согласно временскиот рок даден во договорот. Корисникот е обврзан своерачно или електронски да го пополни барањето за исплата и да ги наведе фактурите/про-фактурите кои ги доставува до Агенцијата, притоа наведувајќи за која мерка и тип на инвестиција го поднесува истото.

Проверката на финансиската документација се извршува исклучиво на оригинали или копии заверени на нотар при што во случај да се доставени оригинални документи во текот на постапката за одобрување на исплата Агенцијата е должна да ги испратат истите до крајниот корисник. Истите ќе бидат означени со печат на Агенцијата како би се избегнало понатамошно двојно финансирање.

Доколку документите кои се пропратни кон барањето за исплата се достават после рокот, барањето ќе биде одбиено и договорениот износ на финансиска поддршка нема да биде исплатен.

Доколку се настанати промени во барањето за исплата т.е се набават активности кои не се предмет на договорот, а притоа не е поднесено барање за анекс на договор, истото барање нема да биде исплатено, или ќе биде делумно исплатено во зависност од ефектот кој настаната промена ќе го има врз целокупната инвестиција која е предмет на договорот.

Доколку корисникот не се придржува кон одредбите од договорот кои се однесуваат на рокот на реализација на инвестицијата, треба да се има во предвид дека сите активности настанати пред потпишување на договорот (освен трошоците направени за интелектуални услуги) нема да се дел од финансиската поддршка. Сите активности набавени пред рок т.е. пред потпишување на договорот нема да бидат предмет на инвестиција. Исто така сите набавени и исплатени активности после рокот на реализација на инвестицијата или во рокот на доставување на барањето за исплата нема да бидат предмет на финансиска поддршка.

После административната проверка доколку барањето за исплата е комплетно и соодветно, предметот ќе биде проверен на лице место од страна на овластени лица

на Агенцијата кои имаат за цел да ја проверат реализацијата на инвестицијата во целост и во согласност со договорот. По извршената контрола на лице место, ќе биде изработен извештај во кој детално ќе биде опишана фактичката состојба утврдена на лице место. Истиот треба да биде потпишан од страна на лицата кои ја вршат контролата и од самиот корисник или овластено лице од страна на корисникот. Во случај на забелешка на извршената контрола, корисникот има право истата да ја наведе во извештајот.

После извршената контрола, доколку се констатира дека инвестицијата е реализирана во целост и во согласност со договорот, се продолжува со постапката за одобрување на исплата. Доколку се констатира неусогласеност на процесот на реализација на инвестицијата во целост и во согласност со договорот се продолжува постапката за одбивање на барањето за исплата.

Откако ќе биде одобрена исплатата, Агенцијата издава решение за одобрување на исплата. Доколку биде одбиено барањето за исплата, Агенцијата издава решение за одбивање.

Со решението крајниот корисник ќе биде известен за сумата која му е одобрена т.е одбиена.

Сите одобрени и исплатени инвестиции ќе бидат предмет на контрола во период од 5 години после извршената исплата со цел да констатира оддржливоста и непроменетоста на инвестицијата согласно договорот.

Сите исплатени инвестиции ќе бидат објавени на веб страната на Агенцијата со цел да се запази одредбата за транспарентност на постапката, а притоа ќе бидат запазени одредбите за заштита на личните податоци на сите корисници на средствата од ИПАРД Програмата.

# 12 Контрола на терен

Контрола на терен се врши со цел да се утврди фактичката состојба на лице место односно дали податоците наведени во предметот соодветствуваат со состојбата на лице место. Контролата ја вршат овластени лица – контролори вработени во АФПЗРР.

- Контрола на лице место пред одобрување – се врши по извршената административната проверка на апликацијата и има за цел да потврди дали инвестицијата е започната предвреме и дали постојат услови за реализација на истата.
- Контрола на лице место пред исплата – се врши по извршената административна проверка на барањето за исплата и има за цел да потврди дали инвестицијата е завршена во согласност со Деловниот план, Договорот како и дали податоците наведени во барањето за исплата и документите приложени кон истото соодветствуваат со фактичката ситуација на лице место.
- Контрола на лице место после исплата – се врши во период од 5 години односно за цело времетраење на договорот. Сите корисници на финансиска

поддршка во периодот од 5 години ќе бидат проверени најмалку еднаш. При контролата на лице место после исплата се врши проверка дали инвестицијата се користи согласно предвидената намена, дали инвестицијата е во сопственост на корисникот, дали истата е соодветно означена како и останати обврски кои треба да се почитуваат од страна на корисникот согласно Договорот склучен помеѓу корисникот и АФПЗРР.

АФПЗРР по потреба може да врши и дополнителни контроли на лице место доколку постои потреба за утврдување на одредени факти. Дополнителните контроли може да се вршат за време на реализација на инвесицијата, пред финалната исплата како и за целото времетраење на договорот. На крај од секоја контрола се изготвува извештај во кој се објаснува фактичката состојба утврдена на терен.

За време на контролите барателот/корисникот е должен да обезбеди непречен пристап на контролите до сите објекти, простории, опрема како и документација која е од важност за планираната односно реализираната инвестиција.

# 13 Обележување и видливост

Сите инвестиции кои се реализирани преку ИПАРД Програмата 2014-2020 треба да бидат соодветно обележани од страна на корисникот во рок од 5 дена од денот на извршувањето на исплатата. Ова обележување е една од договорните обврски на корисникот на финансиската поддршка и е всушност негов придонес во информирање на јавноста за улогата на ЕК во финансирањето на овие проекти. Согласно Планот за активности за комуникација и видливост, корисникот е должен да ја обележи својата инвестицијата и тоа:

- Обезбедување на интернет-страницата на краен корисник на помошта (каде што постои таква веб-страна), краток опис на активноста, пропорционално на нивото на поддршка, вклучувајќи ги целите и резултатите, како и истакнување на финансиската поддршка од Унијата.
- Поставување на најмалку еден постер/налепница со информации за проектот (минимална големина А3), вклучувајќи ја финансиската поддршка од Унијата, на локација која е лесно видлива за јавноста, како што е влезниот дел на зграда за инвестиции чија вкупна финансиска поддшрка не надминува 20.000 евра во денарска противвредност.
- Плоча со објаснување за инвестиции чија финансиска поддршка надминува 20.000 евра во денарска противвредност
- Привремен билборд со суштински димензии за секоја активност која се состои од финансирање на инфраструктура и градежни работи за кои вкупната финансиска поддршка надминува 100.000 евра во денарска противвредност. Најдоцна во рок од три месеци по завршувањето на таквата активност, крајниот корисник на помошта ќе постави трајна плоча или билборд со суштински димензии, на локација која е лесно видлива за јавноста.

Деталниот изглед и димензиите на налепниците, плакетата и билбордот се дадени во Нацрт верзијата на Договорот за финансиска поддршка даден во прилог 5 на ова Упатство и истиот е објавен на интернет страната на Агенцијата.

# 14 Контакт - АФПЗРР

Заради обезбедување на информации за документите кои треба да се доставaт во прилог на барањето за Анекс кон Договорот, обезбедување на важечки образец на барањето за исплата, како и поради доставување на истите до АФПЗРР, Корисникот е согласен да се обрати до АФПЗРР на следнава адреса: Бул. III Македонска Бригада, бр. 20 (зграда на Македонија Табак блок C), 1000 Скопје.

Контакт телефон: 02 30 97 450

Електронска пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk

# 15 Прилози

## 15.1 Прилог 1. Листа на планински подрачја

| Општина | Населени места означени како "Планински" области (> 700) |
|---|---|
| **Берово** | Град: Берово и села: Будинарци, Владимирово, Двориште, Мачево, Митрашинци, Ратево, Русиново и Смојмирово |
| **Битола** | Села : Братин Дол, Брусник, Буково, Гопеш, Граешница, Дихово, Доленци, Драгош, Древеник, Ѓавато, Злокуќани, Кажани, Кишава, Крклини, Лавци, Лера, Лисолај, Лопатица, Магарево, Маловиште, Метимир, Нижаполе, Облаково, Орехово, Острец, Рамна, Ротино, Свињиште, Снегово, Српци, Старо Змирново, Стржево, Трново, Цапари |
| **Боговиње** | Села: Горно Палчиште, Јеловјане, Новаќе, Ново Село, Раковец, Селце Кеч, Синичане и Урвич |
| **Брвеница** | Село:  Гургурница |
| **Бутел** | Село : Љубанци |
| **Василево** | Села:  Кушкулија, Нивичино. |
| **Вевчани** | Село: Вевчани |
| **Велес** | Село: Ново Село |
| **Виница** | Села: Грљани, Калиманци, Лаки, Трсино |
| **Врапчиште** | Села: Врановци, Горјане, Ново Село, Гурѓевиште, Калиште, Ломница, Пожаране |
| **Гевгелија** | Село: Хума |
| **Гостивар** | Села: Бродец, Вруток, Горно Јеловце, Горна Ѓоновица, Долно Јеловце, Долна Ѓоновица, Железна Река, Корито, Куново, Лешница, Мердита, Митрој Крсти, Падалиште, Печково, Симница, Србиново,Страјане, Речане, Трново, Ќафа |
| **Градско** | Село: Двориште |
| **Дебар** | Села: Баниште, Гари, Горно Косоврасти, Кривци, Могорче, Осој, Рајчица, Татар Елевци, Хаме, Џепиште |
| **Дебарца** | Села: Арбиново, Брежани, Врбјани, Годивје, Горно Средоречие, Грко Поле, Долно Средоречие, Злести, Климештани, Лактиње, Слатино, Слатински Чифлик, Сливово, Сошани, Турје, Црвена Вода, Белчишта, Ботун, Велмеј, Издеглавје, Лешани, Ново Село, |

| | |
|---|---|
| | Оздолени, Песочани, Волино, Оровник, Требеништа, Горенци, Мешеишта |
| **Делчево** | Села: Бигла, Ветрен, Вратиславци, Драмче, Киселица, Град, Нов Иствник, Селник, Стамер, Стар Истевник, Турија, Вирче, Габрово, Звегор, Разловци, Чифлик |
| **Демир Хисар** | Села: Бабино, Базерник, Боиште, Брезово, Велмевци, Вирово, Големо Илино, Железнец, Зашле, Лесково, Мало Илино, Мренога, Радово, Растојца, Смилево, Суво грло, Церово, Кочиште, Обедник, Жван, Слоештица, Стругово, Журче, Загориче, Ново Село, Ракитница, Сопотница, Суводол, Утово, Доленци |
| **Долнени** | Села: Зрзе, Маргари, Горно Село, Гостиражни, Дреновци, Долгаец, Стровија, Кошино, Небрегово, Слепче |
| **Желино** | Села: Горна Лешница, Луковица, Седларево, Мерово, Церово |
| **Зелениково** | Село: Палиград |
| **Јегуновце** | Села: Беловиште, Вратница, Јажинце, Рогачево, Старо Село |
| **Кавадарци** | Села: Бојанчиште, Бохула, Галиште, Клиново, Куманичево, Мајден, Р’жаново, Радња, Рожден, Страгово, Бунарче, Праведник, Конопиште |
| **Карбинци** | Села: Вртешка, Ебеплија, Јунузлија, Мичак, Кепекчелија, Курфалија, Кучица, Муратлија, Припечани, Прналија, Кучилат, Калаузлија |
| **Кичево** | Села: Бачишта, Букојчани, Лешница, Мидинци, Речани – Зајаско, Тајмиште, Горно Строгомиште, Длапкин Дол, Зајас, Долно Строгомиште, Колари, Грешница, Кнежино, Осој, Раштани, Белица, Брждани, Видрани, Големо Црско, Горна Душегубица, Горно Добреноец, Долна Душегубица, Долно Доберноец, Манастирско Доленци, Инавчишта, Извор, Јаворец, Удово, Кладник, Кленоец, Козица, Лавчани, Малкоец, Мало Црско, Подвис, Попоец, Поположани, Прострање, Цер, Другово, Ехловец, Свињиште, Бериково, Јагол Доленци, Ново Село, Папрадиште, Гарани, Јагол, Премка, Србица, Жубрино, Туин, Шутово, Арангел, Осломеј, Поповјани, Дупјани, Козичино, Крушица, Орланци, Патец, Работино, Светораче, Карбуница, Вранештица, Речани – Челопечко |
| **Конче** | Села: Горни Липовиќ, Негреновци |

| | |
|---|---|
| **Кочани** | Села: Безиково, Горно Градче, Главовица, Јастребник, Костин Дол, Лешки, Небојани, Нивичани, Ново Село, Полаки,Тркање, Пресека, Пантелеј, Рајчани, Пашаџиково, Речани, Долно Градче |
| **Кратово** | Села: Горно Кратово, Емирица, Каврак, Кнежево, Којково, Куново, Луково, Мушково, Нежилово, Близанци, Страцин, Приковци, Татомир, Шлегово, Кетеново |
| **Крива Паланка** | Град: Крива паланка и села: Б'с, Баштево, Борово, Варовиште, Габар, Голема Црцорија, Градец, Длабочица, Добровница, Дренак,Дреније, Дурачка Река, Жидилово, Киселица, Конопница, Костур, Кошари, Кркља, Крстов Дол, Лозаново, Луке, Мала Црцорија, Мартиница, Метежево, Нерав, Огут, Осиче, Подржи Коњ, Станци, Трново, Узем, Мождивњак |
| **Крушево** | Град: Крушево и села: Арилево, Белушино, Бирино, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Острилци, Пуста Река, Селце, Норово, Јакреново, Врбоец, Борино |
| **Липково** | Села: Белановце, Глажња, Гошинце, Злокуќане, Извор, Р'нковце, Стрима |
| **Маврово и Ростуша** | Села: Аџиевци, Беличица, Бибај, Битуше, Богдево, Болетин, Велебрдо, Волковија, Видуше, Врбен, Врбјани, Галичник, Грекај, Дуф, Жировница, Жужње, Јанче, Кичиница, Кракорница, Леуново, Лазарополе, Маврови Анови, Нивиште, Никифорово, Нистрово, Ничпур, Ново Село, Орчуше, Присојница, Росоки, Ростуша, Рибница, Селце, Сенце, Скудриње,Сретково, Тануше, Требиште, Тресонче, Церово, Маврово, Сушица |
| **Македонска Каменица** | Села: Дулица, Косевица, Костин Дол, Моштица, Саса, Цера |
| **Македонски Брод** | Села: Бенче, Битово, Брезница, Брест, Волче, Долни Манастирец, Горно Ботушје, Горно Крушје, Долно Ботушје, Долно Крушје, Дреново, Заград, Звечан, Инче, Ковач, Косово, Лупиште, Старо Село, Рамне, Растеш, Сланско, Сушица, Тажево, Томино Село, Требовје, Црешнево, Крапа, Локвица, Могилец, Русјаци, Вир |
| **Могила** | Села: Мојино, Црничани |
| **Новаци** | Села: Брник, Будимирци, Гнилеж, Грумази, Груништа, Ивени, Мегленци, Орле, Петалино, Полог, Зович, Сатравина, Арматуш, Маково, Градешница, Долно Орехово, Живојно, Паралово, Тепавци, Зовик 2, Велесело |

| | |
|---|---|
| **Ново Село** | Села:Барбарево, Бадолен, Стиник. |
| **Охрид** | Села: Вапила, Велестово, Елшани, Завој, Коњско, Куратица, Ливоишта, Љубаништа, Рамне, Плаќе, Расино, Речица, Свиништа, Сирула, Скребатино, Шипокно, Долно Лакочереј, Горно Лакочереј, Орман, Велгошти, Долно Коњско, Косел, Трпејца, Опеница, Пештани, Лескоец, Подмоље |
| **Петровец** | Село: Дивље |
| **Пехчево** | Град: **Пехчево** и села: Негрево, Панчарево, Црник, Чифлик, Робово, Умлена |
| **Пласница** | Село: Преглово |
| **Прилеп** | Села: Беловодица, Бешиште, Бонче, Вепрчани, Витолиште, Волково, Дабница, Живово, Кокре, Крушевица, Крстец, Лопатица, Плетвар, Полчиште, Прилепец, Присад, Ореовец, Штавица, Пештани, Леништа, Мало Рувци, Марул Селце, Чумово |
| **Пробиштип** | Град: **Пробиштип** и села: Гризилевци, Зеленград, Јамиште, Кундино, Лесново, Марчино, Горни Стубол, Добрево, Древено, Шталковица |
| **Радовиш** | Села:  Али Коч, Али Лобаси, Козбунар, Коџалија, Ново Село, Папавница, Смиланци, Шаинташ, Шипковица, Штурово, Држани, Каралобоси, Караџалар, Худаверлија, Дурутлија, Ќоселија, Супурге, Чешме Маале |
| **Ранковце** | Села: Баратлија, Герман, Милутинце, П'клиште, Станча, Гулинци, Криви Камен, Петралица, Псача, Радибус, Одрено, Отосница |
| **Ресен** | Ресен: **Ресен** и села**:** Арвати, Болно, Брајчино, Горно Крушје, Евла, Златари, Избишта, Илино, Коњско, Кривени, Лавци, Лева Река, Грнчари, Долно Дупени, Подмочани, Рајца, Горно Дупени, Стење, Јанковец, Крани, Сопотско, Лескоец, Љубојно, Отешево, Петрино, Покрвеник, Стипона, Шурленци, Курбиново, Прељубје, Штрбово,  Сливница, Долна Бела Црква,  Долно Перово, Наколец, Асамати,  Претор,  Дрмени,  Езерани, Царев Двор, Горна Бела Црква, Волкодери, Козјак |
| **Сарај** | Село: Раовиќ |
| **Свети Николе** | Селко: Стоиманци |
| **Сопиште** | Села: Држилово, Света петка, Нова Брезница, Патришка Река, Горно Соње |

| | |
|---|---|
| **Студеничани** | Села: Алдинци, Елово, Калдирец, Рамни Габер, цветово, Црн Врв |
| **Старо Нагоричане** | Села: Арбанашко, Длабочица, Дејловце, Аљинце, Кокино, М'гленце, Малотино, Осиче, Рамно, Буковљане, Цветишница |
| **Струга** | Села: Безово, Богојци, Бороец, Брчево, Буринец, Вишни, Горна Белица, Дренок, Збажди, Јабланица, Лабуништа, Лакавица, Локов, Мали Влај, Мислодежда, Модрич, Нерези, Пискупштина, Франгово, Подгорци, Поум, Присовјани, Р'жаново,Селци, Тоска, Луково, Октиси, Ташмаруништа, Враниште, Глобочица, Драслајца, Ново Село, Шум, Ливада, Велешта, Горно Татеши, Долно Татеши, Цепин, Заграчани, Корошишта, Радолишта, Радожда, Долна Белица, Добовјани, Делогожди. |
| **Теарце** | Села: Брезно, Варвара, Јелошник |
| **Тетово** | Села: Бозовце, Бродец, Вејце, Вешала, Гајре, Ѓермо, Лавце, Лисец, Отуње, Селце, Сетоле, Шипковица, Једоарце |
| **Центар Жупа** | Села: Бајрамовци, Брештани, Горно Мелничани, Горенци, Долгаш, Долно Мелничани, Елевци, Житинени, Кочишта, Коџаџик, Новак, Осолница, Оџовци, Пареши, Баланци, Црно Боци, Евла, Мал Папрадник, Праленик ,Центар Жупа |
| **Чашка** | Села: Горно Јаболчиште, Горно Врановци, Папрадиште, Попадија, Црешнево, Долно Јаболчиште, Ореше, Плевење, Нежилово, Крнино, Капиново |
| **Чучер- Сандево** | Села: Блаце, Брест, Бродец, Танушевци. |
| **Штип** | Села: Калапетровци, Кожево, Никоман, Почивало, Шашаварлија, Суво Грло |
| **Вкупно назначени населени места** | 734 |

## 15.2 Прилог 2. Листа на прифатливи трошоци

| **Листа на прифатливи трошоци за мерка Инвестиции во материјални средства на земјоделските стопанства** | | |
|---|---|---|
| *Бр.* | *Прифатливи трошоци* | *Опис* |
| 1. | **Набавка на нова земјоделска опрема и механизација за растително производство**<br>-Култиватори, мотокултиватори и приклучна механизација;<br>- опрема и механизација за подготвителни активности при обработка на земјата;<br>- садење<br>- набавка на повеќегодишни растенија<br>- наводнување и обработка на растенија<br>- опрема за берба (исклучувајќи комбајни)<br>- опрема за контрола и заштита | Мотокултиватори, фрези, плугови, ротофрези, ротобрани, дискови брани, редосеалки, ѓубрерастурачи за минерални ѓубрива, депозитори за семе и ѓубриво, култиватори, расадосадачки, опрема за рамнење, дупчалки за садење, кримлери/ сетвоспремачи.<br>Ѓубрерастурачи за арско ѓубре, прскалки, атомизери, опрема за систем за наводнување (капка по капка , подземно наводнување, микропрскалки, наводнување со оросување или комбинација од нив (пумпи за вода, базени, танкови, резервоари, филтри, опрема за дистрибуција на вода, опрема за ферт-иригација, опрема за автоматско дозирање на вода за наводнување), кроење, чистачи на плевел.<br>Косилки, сенопревртувачи, сенобалирачка, косачки за фураж, собирач на пченка, копач, компироваддачка, берачи за морков, домат, шеќерна репка, грозје и овошје, косачка за сено, машини за грубо рамнење/чистење на почва, сортирачка, калибратор.<br>Опрема за мерење на внатрешна и надворешна температура, влажност на почва и воздух, опрема за анализа на почва и стерилизација.<br>Заштитни мрежи и покривки, опрема за заштита од птици, опрема за заштита од гром и опрема за заштита од измрзнување.<br>Противградобијнна опрема, опрема за расадување, складирање и манипулација на саден материјал.<br>Опрема и машини за безпочвено одгледување (хидропонично и аквапонично).<br>Опрема за подготвување и мешање на ѓубрива, супстрати, производи за заштита на растенијата итн. |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | **Садење/обновување на повеќегодишни растенија (исклучувајќи ги семињата)** | Садниот материјал треба да биде во согласност со Листата за одобрени и признаени овошни сорти и/или Листа на домашни и странски признаени или одобрени сорти винова лоза и трпезни сорти во согласност со Annex I од Директивата на Советот на ЕУ 2008/90ЕС или во согласност со Националната сортна листа согласно Законот за семе и саден материјал и Законот за вино или Општиот каталог на сорти на вино и сорти на винова лоза и подлоги на ЕУ.<br><br>Во случај на замена на ист вид на иста парцела набавката на садниот материјал мора да биде поврзана со инвестициите кои ќе се однесуваат за модернизација (набавка на земјоделска механизација и опрема и/или практики за штедливост на вода). |
| 3. | **Набавка на механизација за сектор сточарство**<br><br>- Трактори со максимална моќност која не надминува 100kw врз основа на обемот и природата на дејноста (види Прилог 4 од Упатството), култиватори, мотокултиватори и приклучна механизација;<br><br>- опрема и механизација за подготвителни активности при обработка на земјата;<br><br>- садење<br><br>- наводнување и одгледување на растенија<br><br>- опрема за берба (исклучувајќи комбајни)<br><br>- опрема за контрола и заштита<br><br>- опрема за одгледување на животни | Трактори, мотокултиватори, фрези, плугови, ротофрези, ротобрани, дискови брани, редосеалки, ѓубрерастурачи за минерални ѓубрива, депозитори за семе и ѓубриво, култиватори, расадосадачки, опрема за рамнење, дупчалки за садење, кримлери/ сетвоспремачи, ѓубрерастурачи за арско ѓубре, прскалки, атомизери, опрема за систем за наводнување (капка по капка, подземно наводнување, микропрскалки, наводнување со оросување или комбинација од нив (пумпи за вода, базени, танкови, резервоари, филтри, опрема за дистрибуција на вода, опрема за ферт-иригација, опрема за автоматско дозирање на вода за наводнување), кроење, чистачи на плевел, косилки, сенопревртувачи, сенобалирачка косачки за фураж, собирач на пченка, копач, косачка за сено, машини за грубо рамнење/чистење на почва, сортирачка, калибратор.<br><br>Опрема за мерење на внатрешна и надворешна температура, влажност на почва и воздух, опрема за анализа на почва и стерилизација.<br><br>Опремување на просториите за одгледување на животни (размножување, карантин, карантин за остранување на животински трупови).<br><br>Опрема за исхрана и напојување, опрема за молзење и систем за измолзување, автоматски или подвижни агрегати за молзење, опрема за чистење и управување и складирање на шталско |

| | | |
|---|---|---|
| | | ѓубриво, вклучувајќи опрема за манипулација за сено и силажа (елеватори), опрема за производство на сточна храна (мелници, опрема за мешање на храната, мешалки, итн.), опрема за мерење на тежина, опрема за ветеринарен преглед и опрема за складирање на ветеринарно-медицински препарати. |
| ***Прифатливи трошоци кои се однесуваат на сите приоритетни сектори*** | | |
| | *Прифатливи трошоци* | *Опис* |
| 4. | **Градежни материјали и елементи за изградба на нови објекти или реконструкција и адаптација на постоечки објекти (згради и инфраструктура за целосно функционален капацитет), како и пластеници/стакленици:**<br>- Инсталација на соодветната опрема;<br>- Достигнување на стандарди за заштита на животната средина;<br>- Обезбедување на хигиенски и санитарни услови;<br>- Достигнување на стандарди за благосостојба на животните<br>- Обезбедување на административен простор;<br>- Скалдирање на храна и силажа<br>- Помошни простории (за складирање, гаражи, итн.);<br>- Обезбедување на пристап на фарма, уредување и оградување. | Сите материјали кои се користат за изградба на подови, ѕидови и тавански површини, како и сите премази и сврзни смеси кои се користат во објекти за производството и чување на храна, како и административни објекти, лабораториски и санитарни уредувања и инфраструктура кои се однесуваат на производните активности се прифатливи за поддршка. Облоги за ѕид, таван и под, ѕидни и тавански панели, цевки, врати, прозорци, системи за греење и вентилација (климатизација и воздушно прочистување), одвод, канализација, третман на отпад и системи за валоризација на отпад, Елементи за конструкција за водовод и електрична енергија вклучувајќи практики за заштеда на енергија и користење на обновливи енергии и инсталација за електрична енергија, доводен и канализационем систем, пумпна станица, артеска бушотина и бунар Столбови направени од дрво, челик, бетон или друг материјал, сидра за заземјување на инсталацијата и ремените, поцинкован челик, жица, рамки изработени од метал, пластични облоги.<br>Градежни материјали/компоненти за пластеници (пластична фолија или панели, треба да бидат направени од крута пластика со трајност од најмалку 5 години).<br>Градежни материјали/компоненти за пристапни патишта и воспоставување на патна мрежа, уредување и оградување на простор. |
| 5. | **Набавка на опрема за пост-бербени активности, преработки на фарма и директен маркетинг на фарма:** | Опрема за прием, собирање и складирање.<br>Опрема за подготовка за сортирање, чистење, миење, сушење, дезинфекција, премачкување со восок, класирање, ладење, отстранување на |

| | | |
|---|---|---|
| | - Овошје и зеленчук вклучувајќи и компири, печурки и мешункасти растенија;<br>- Житарици, мелнички производи и производи од скроб;<br>- Растителни и животински масла и масти;<br>- Шира од грозје, сок од грозје, вино и оцет;<br>- Месо и месни производи;<br>- Млеко и млечни производи; | оштетени плодови, детектирање на метал и стакло или други цврсти материјали.<br>Опрема за пред ладење, ладење и замрзнување.<br>Опрема за сечење, мелење и подготовка за преработка.<br>Опрема за де-аерација, сепарација, хомогенизација, пастеризација и стерилизација.<br>Опрема за конзервирање, сушење, дехидрација, замрзнување.<br>Опрема за полнење, пакување и етикетирање.<br>Опрема за зашеметување, навлажнување, загревање и вадење на внатрешни органи, опрема за сечење и вадење на коски.<br>Опрема за манипулација, товарање и растоварање, виљушкари, подвижни ленти и опрема за мерење на тежина.<br>Опрема за следење на квалитет, контрола и систем за следливост на прием, складирање и дистрибуција.<br>Опрема за третман на отпад, валоризација, манипулација и складирање.<br>ЦИП опрема за чистење, опрема за преработка, мелачи на грозје, опрема за филтрирање (филтри), пумпи танкови за ферментација и стабилизација, опрема за дестилација, преса за добивање на шира, танкови за зреење, резервоари за складирање и буриња. |
| 6. | **Набавка на опрема за производство на енергија од обновливи извори за сопствена потрошувачка** | Опрема за производство на енерегија преку:<br>• Преработка на растителни производи за производство на биогас и/или биогорива.<br>• Сончева енергија,<br>• Ветерници,<br>• Геотермална енергија итн. |
| 7. | **Работи и услуги** | Сите потребни работи и услуги поврзани со реализацијата на инвестициониот проект:<br>• Подговотка на теренот,<br>• Градежни работи,<br>• Реконструкција,<br>• Инсталациски работи. |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | **Набавка на специјализирани транспортни резервоари и приколки за суровини и готов производ** | Земјоделски приколки, танкови за млеко, разладни резервоари, приколки за превоз на живи животни и живина, транспорт на ѓубриво, опрема за транспорт на биомаса итн. (поврзани само со прифатливите производни активности). |
| 9. | **Компјутерска опрема** | Компјутерска опрема и софтвер, вклучувајќи и сензори (поврзани со прифатливата опрема и производни активности). |
| 10. | **Општи трошоци** | Подготовка на техничката документација, градежни планови, пресметка на трошоци, анализи, управување со проекти<br>• Архитекти,<br>• Инженери,<br>• Консултанти<br>Стекнување со патентни права и лиценци,<br>Системи за управување:<br>• ISO<br>• HACCAP<br>• GMP (добри производствени практики)<br>Јавни и информативни материјали<br>• Билборди,<br>• Плакети,<br>• Налепници |

## 15.4 Прилог 3. Листа на минимални национални стандарди релевантни за спроведувања на ИПАРД 2014-2020

МЕРКА – ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

| **ИПАРД инвестиција и приоритетен сектор** | **Законски прописи со кои се пропишани минимални национални стандарди** | **Усогласеност со ЕУ законодавство** |
|---|---|---|
| ЖИВОТНА СРЕДИНА | | |
| <u>**Сточарство**</u><br>Одгледување на крави за млеко и гоење | **Закон за животната средина** (Сл. весник на Република Македонија, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 , 42/14, 44/15, 129/2015, 192/15 и 39/16)<br>**Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животна средина** (Сл.весник на Република Македонија бр. 74/05)<br>**Уредба за изменување на уредба за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина** (Сл. весник на Република Македонија бр.36/12)<br>**Закон за водите** (Службен весник на Република Македонија бр 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) | Директива број 2011/92/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 13 декември 2011 година за оценување на влијанијата на определени јавни и приватни проекти врз животната средина<br>Directive 2011/92/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on the assessment of the effects of certain public and private projects on the environment<br>Council Directive of 21 May 1991 concerning urban waste water treatment 91/271/EEC |

| | | |
|---|---|---|
| <u>Сточарство</u><br>Одгледување на свињи за репродукција и за гоење<br>**- 10 до 100 места за гоење свињи (над 30 кг); или**<br>**- 10 до 50 места за маторици** | **Закон за** животната средина (Сл. весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 , 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16)<br>**Уредба за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје ( Сл. весник на РМ бр 80/09 и 32/16).**<br>**Закон за водите** ( Службен весник на Република Македонија бр 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) | Council Directive of 21 May 1991 concerning urban waste water treatment 91/271/EEC |
| <u>Сточарство</u><br>Одгледување на свињи за репродукција и за гоење (интензивно одгледување<br>**Над 100 места за гоење свињи (над 30 кг); или над 50 маторици** | **Закон за животната средина** (Сл. весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 , 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16)<br>**Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животна средина** ( Сл.весник на Република Македонија бр. 74/2005)<br>**Уредба за изменување на уредба за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина** ( Сл. весник на Република Македонија бр.36/12)<br>**Закон за водите** ( Службен весник на Република Македонија бр 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) | Директива број 2011/92/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 13 декември 2011 година за оценување на влијанијата на определени јавни и приватни проекти врз животната средина<br>Directive 2011/92/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on the assessment of the effects of certain public and private projects on the environment<br>Council Directive of 21 May 1991 concerning urban waste water treatment 91/271/EEC |

| | | |
|---|---|---|
| <u>**Сточарство**</u><br>Одгледување на овци и кози за млеко и за гоење | **Закон за животната** средина (Сл. весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 , 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16)<br>**Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животна средина** ( Сл.весник на Република Македонија бр. 74/2005)<br>**Уредба за изменување на уредба за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина** ( Сл. весник на Република Македонија бр.36/12) | Директива број 2011/92/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 13 декември 2011 година за оценување на влијанијата на определени јавни и приватни проекти врз животната средина<br>Directive 2011/92/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on the assessment of the effects of certain public and private projects on the environment |
| <u>**Сточарство**</u><br>Прозиводство на јајца и бројлери<br>**Капацитет до 5000 места за живина** | **Закон за животната** средина (Сл. весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 , 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16)<br>**Уредба за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје** ( Сл. весник на РМ бр 32/2016) | |
| <u>**Сточарство**</u><br>Прозиводство на јајца и бројлери | **Закон за животна** средина (Сл. весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 , 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) | Директива број 2011/92/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 13 декември 2011 година за оценување на влијанијата на определени јавни и приватни проекти врз животната средина |

| | | |
|---|---|---|
| **Капаците над 5000 места за живина** | **Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животна средина** ( Сл.весник на Република Македонија бр. 74/05)<br><br>**Уредба за изменување на уредба за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина** ( Сл. весник на Република Македонија бр.36/12) | Directive 2011/92/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on the assessment of the effects of certain public and private projects on the environment |
| **<u>Пост-бербени активности и преработка на земјоделски производи на фарма</u>** | **Закон за животната** средина (Сл. весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 , 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16)<br><br>**Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животна средина** ( Сл.весник на Република Македонија бр. 74/05)<br><br>**Уредба за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје** ( Сл. весник на РМ бр 32/2016) | Директива број 2011/92/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 13 декември 2011 година за оценување на влијанијата на определени јавни и приватни проекти врз животната средина<br><br>Directive 2011/92/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on the assessment of the effects of certain public and private projects on the environment |
| **Производство на енергија од обновливи извори на енергија за** | **Закон за животна** средина (Сл. весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 , 42/14, 44/15, 129/2015, 192/15 и 39/16) | Директива број 2011/92/ЕУ на Европскиот парламент и Советот од 13 декември 2011 година за оценување на влијанијата на определени јавни и приватни проекти врз животната средина |

| | | |
|---|---|---|
| **сопствена потрошувачка** | **Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животна средина** ( Сл.весник на Република Македонија бр. 74/05)<br><br>**Уредба за изменување на уредба за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина** ( Сл. весник на Република Македонија бр.36/12) | Directive 2011/92/EU of the European Parliament and of the Council of 13 December 2011 on the assessment of the effects of certain public and private projects on the environment |
| **Растително производство**<br><br>-Житарици<br><br>-Индустриски култури<br><br>-Градинарски култури (вклучувајќи компир<br><br>-Повеќегодишни култури ( овоштарници, лозови насади, медоносни растенија, маслинки) | **Закон за ѓубрива** (Службен весник на Република Македонија бр 110/07, 20/2009, 17/11, 148/11 и 69/13)<br><br>**Закон за водите** ( Службен весник на Република Македонија бр 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16)<br><br>**Закон за земјоделство и рурален развој** ( Службен весник на Република Македонија бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16 и 163/16)<br><br>**Правилник за листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина** (Службен весник на Република Македонија бр. 83/15) | Анекс на Директива 80/68/EEC<br><br>Рамковна Директива за води 2000/60/EC<br><br>Directive 2000/60/EC of the European Parliament and of the Council of 23 October 2000 establishing a framework for Community action in the field of water policy |
| **Растително производство**<br><br>-Пластеници | **Закон за ѓубрива** (Службен весник на Република Македонија бр 110/07, 20/2009, 17/11, 148/11 и 69/13) | Annex to Directive 80/68/EEC |

| | | |
|---|---|---|
| -Стакленици | **Закон за води** ( Службен весник на Република Македонија бр 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16)<br><br>**Закон за земјоделство и рурален развој** ( Службен весник на Република Македонија бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16 и 163/16)<br><br>**Правилник за листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина**<br><br>(Службен весник на Република Македонија бр. 83/15)<br><br>**Закон за животна** средина (Службен весник на Република Македонија, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 , 42/14, 44/15, 129/2015, 192/15 и 39/16)<br><br>**Уредба за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје** ( Сл.ужбен весник на Република Македонија бр 32/2016) | |
| ЈАВНО ЗДРАВЈЕ | | |
| **Пост-бербени активности и преработка на** | **Закон за безбедност на храна** (Службен весник на Република Македонија бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15 и 39/16) | Regulation (EC) No 178/2002 |

| | | |
|---|---|---|
| **земјоделски производи на фарма** | **Правилник за посебните барања за храната од животинско потекло** ( Службен весник на Република Македонија бр. 28/16)<br>**Правилник за барањата во однос на квалитетот на преработени производи од овошје и зеленчук како и печурки и нивни преработки** ( Службен весник на Република Македонија бр. 69/14)<br>**Правилник за условите за директно снабдување од страна на производителот на мали количества примарни производи до крајните потрошувачи или до локалните малопродажни трговци кои директно го снабдуваат крајниот потрошувач, како и општите и посебните барања за локализирана активност за операторите со храна од мал обем** ( Службен весник на Република Македонија бр. 10/13) | |
| **Сточарство**<br>Крави за гоење и за производство на млеко | **Закон за безбедност на храна** (Службен весник на Република Македонија бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15 и 39/16)<br>**Закон за ветеринарно здравство (Сл. весник на Република Македонија бр.113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16)**<br>**Правилник за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи** (Службен весник на Република Македонија бр. 26/12)<br>**Правилник за општите барања за примарно производство и придружни операции како и општите** | Council Directive 96/22/EC, Directives 81/602/EEC, 88/146/EEC 88/299/EEC |

| | | |
|---|---|---|
| | **барања за храна** (Службен весник на Република Македонија бр. 12/12)<br><br>**Закон за идентификација и регистрација на животни (Службен весник на Република Македонија бр. 95/12, 27/14, 149/15 и 53/16)**<br><br>**Правилник за идентификација и регистрација на говеда** (Службен весник на Република Македонија бр. 68/14) | |
| <u>**Сточарство**</u><br><br>Свињи за репродукција и за гоење | **Закон за безбедност на храна** (Службен весник на Република Македонија бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15 и 39/16)<br><br>**Закон за ветеринарно здравство** (Сл. весник на Република Македонија бр.113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16)<br><br>**Закон за идентификација и регистрација на животни (**Службен весник на Република Македонија бр. 95/12, 27/14, 149/15 и 53/16)<br><br>**Правилник за идентификација и регистрација на свињи (**Службен весник на Република Македонија бр. 63/13) | Council Directive 96/22/EC, Directives 81/602/EEC, 88/146/EEC 88/299/EEC<br><br>Council Directive 2008/71/EC<br><br>Regulation (EC) No 999/2001 |
| <u>**Сточарство**</u><br><br>Кокошки и несилки | **Закон за безбедност на храна** (Службен весник на Република Македонија бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 129/15, 213/15 и 39/16)<br><br>**Закон за ветеринарно здравство** (Службен весник на Република Македонија бр.113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16) | Regulation (EC) No 178/2002<br><br>Regulation (EC) No 999/2001 |

| | | |
|---|---|---|
| <u>**Сточарство**</u><br><br>Овци и кози за производство на млеко и за гоење | **Закон за ветеринарно** здравство (Службн весник на Република Македонија бр.113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16)<br><br>**Закон за идентификација и регистрација на животни (**Службен весник на Република Македонија бр. 95/12, 27/14, 149/15 и 53/16)<br><br>**Правилник за идентификација и регистрација на овци и кози** (Службен весник на Република Македонија бр. 37/14)<br><br>**Правилник за посебните барања за безбедност и хигиена и начинот и постапката на вршење на службените контроли на млекото и млечните производи (**Службен весник на Република Македонија бр. 26/12) | Council Directive 96/22/EC, Directives 81/602/EEC, 88/146/EEC 88/299/EEC<br><br>Council Regulation (EC) No 21/2004<br><br>Regulation (EC) No 999/2001<br><br>Regulation (EC) No 1782/2003<br><br>Directives 92/102/EEC and 64/432/EEC |
| **Растително производство**<br><br>-Житарици<br><br>-Индустриски култури<br><br>-Градинарски култури (вклучувајќи компир<br><br>-Повеќегодишни култури (овоштарници, лозови насади, медоносни растенија, маслинки | **Закон за производи за заштита на растенија (** Службен весник на Република Македонија бр. 29/05, 110/07, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 10/15 и 129/15, 149/15)<br><br>**Закон за здравје на растенија** ( Сл. весник на Република Македонија, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14 и 149/15) | Regulation (EC) No 1107/2009 of the European Parliament<br><br>Council Directives 79/117/EEC and 91/414/EEC |

| БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИ | | |
|---|---|---|
| **Сточарство**<br>-Говеда за гоење и за производство на млеко<br>-Свињи за репродукција и гоење<br>-Овци и кози за гоење и производство на млеко<br>-Кокошки и несилки | **Закон за заштита и благосостојба на животни** (Сл. весник на Република Македонија бр. 149/14, 149/15 и 53/16)<br>**Правилник за условите и начините за заштита на фармските животни** (Сл. весник на Република Македонија бр. 140/09) | Council Directive 2008/120/EC<br>Council Directive 2008/119/EC<br>Council Directive 98/58/EC of 20 July 1998 |

## 15.5 Прилог 4. Складирање и ракување со арско ѓубре

Во критериумите што треба да се исполнат за воспоставување на објект за складирање на арско ѓубре спаѓаат:

(1) Структурите за складирање арско ѓубре мора да бидат креирани и да функционираат со цел да содржат арско ѓубре, отпадна вода, загадени истечни води и арско ѓубре мешано со смет без какво било испуштање во почвата и во водите;

(2) Подносителот на барањето може да ги предложи следниве видови складишта за складирање арско ѓубре:
- надворешни бетонски перници за складирање на цврсто арско ѓубре
- длабоки јами под подот на зградата во која се чуваат животните, на растојание од просториите за молзење или објектите за преработка, или надворешни, подземни бетонски складишта или надворешни надземни резервоари или бетонски лагуни за складирање на течно арско ѓубре

(3) Во случај на складирање арско ѓубре во бетонска перница, мора да се предвидат најмалку три странични ѕида каде се собира арското ѓубре, следејќи ги овие препораки:
- Урината мора да се оддели од цврстото арско ѓубре и да се насочи кон депото со урина;
- На подигнатите површини треба да се постави израмнета површина за купови на цврсто арско ѓубре за да се спречи поплава предизвикана од пороен дожд;
- Подот и ѕидовите мора да бидат направени од водоотпорен материјал кој пред складирањето мора да се покрие со слој од 70 цм од сечкана слама, листови за да се апсорбира течното арско ѓубре;
- Ѕидовите и подот мора да се изградат така што ќе можат да пропуштаат урина (одводни канали) и истата да истекува во депоата за урина или резервоарите преку непропустливи канали;
- Површината мора да биде заградена со земјена брана од 50 цм и со жица висока најмалку 1,5 м и соодветно обележана со знак за предупредување;
- Куповите мора да се покријат со тенок слој или тенка обвивка од 20 цм составена од ќумур, сечкана слама за заштита од непријатна миризба, како и да се покријат за да се заштитат од дожд и сонце;
- Куповите арско ѓубре мора да се оддалечени најмалку 30 м од каков било бунар и не смеат да се наоѓаат покрај вода, заштитена област или довод на вода;
- Капацитетот на перницата треба да овозможува складирање на цврсто арско ѓубре најмалку 12 недели;

(4) За складирање арско ѓубре во полуцврста или течна состојба во надземни резервоарни складишта или подземни бетонски складишта или бетонски лагуни мора да се земат предвид следните препораки:

- Во случај на метални или бетонски надземни резервоари, резервоарот мора да биде покриен (со мембрана што плови или шатор отпорен на воздух или друго) и мора да

овозможува вентилација или да избегнува насобирање на смртоносни гасови и пумпање;
- Во случај на подземни бетонски складишта или надворешни бетонски лагуни, подовите и ѕидовите мора да бидат водоотпорни и мора да се спречи секаква можност за протекување;
- Површината каде се наоѓа складиштето мора да биде заградена со жица висока најмалку 1,5 м и соодветно обележана со знак за предупредување;
- Течното арско ѓубре не смее да се насочи кон главниот канализациски систем;
- Капацитетот на резервоарот или бетонската лагуна треба да овозможува складирање на цврсто арско ѓубре најмалку 16 недели;

(5) Системот и опремата за ракување со арско ѓубре мора да го дополнуваат инвестирањето во објектите за складирање арско ѓубре во врска со релевантниот систем за складирање арско ѓубре предложено од страна на подносителот на барањето;

Примери на системи за складирање и ракување со арско ѓубре во случај на длабоки јами под подот на зградата во која се чуваат животните за складирање на течно арско ѓубре:




Систем за отстранување на кашеста маса: 1 – канал за кашеста маса; 2 - јама за пумпање; 3 - пумпа; 4 - нагорна пумпа за кашеста материја; 5 - резервоар за кашеста материја; 6 – вентилатор.

## 15.6 Прилог 5- Договор за финансиска поддршка

Врз основа на член 12 став 1 точка 13, а во врска со член 6 став 1 точка 5 од Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој ("Службен весник на Република Македонија" бр.72/07, 05/09, 43/14,193/15 и 39/16, 164/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 190/19), Јавниот оглас бр.01/20 објавен на __________ година за поднесување на барања за финансиска поддршка од Програмата за користење на средства од инструментот за претпристапна помош за рурален развooј на Европската Унија (ИПАРД) за период од 2014-2020, Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од компонента V– ИПАРД од инструментот за предпристапна помош ИПА ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 64/16) и Решение бр. 16-____/___ издадено од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој

**ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:**

1. Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, како давател на финансиска поддршка (во понатамошниот текст: Агенција) претставувана од Директорот Николче Бабовски,

со седиште на "Бул. III Македонска Бригада, бр.20 (зграда на Македонија Табак блок Ц), 1000 Скопје, и со адреса за кореcподенција "Бул. III Македонска Бригада, бр.20 (зграда на Македонија Табак блок С), 1000 Скопје,

од една страна, и

2.________________________________________ со ЕДБ _____________ преставувано од _________________ со ЕМБГ _________________________, како страна која е корисник на средствата (тука и понатаму како: корисник),

- Седиште и адреса за кореспонденција: _____________________________________

- број на трансакциска сметка_____________________, _______________________ ,

- место на инвестицијата предмет на овој договор: општина______________

од друга страна,

го склучија следниот:

# ДОГОВОР ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

**Бр. 16-_______/_____ (ИБ ____________________)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на Договорот

**Член 1**

(1) Со овој договор се уредуваат правата и обврските на договорните страни во врска со исплатата и користењето на финансиската поддршка од ИПАРД Програмата 2014-2020, одобрена со Решение бр. 16-___________/____ од __.__.20__година.

(2) Финансиската поддршка, согласно со:

- Мерката Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства ,
- Приоритетен сектор ____________________________________________________________

ќе се користи за набавка на стоки/услуги наведени во Прилог 2 на овој договор – „Табела за користење на финансиска поддршка по стоки и услуги".

(3) За функционалноста на инвестицијата, корисникот се обврзува да ги заврши/реализира и работите/стоки/услугите кои нема да бидат кофинансирани од страна на Агенцијата. Горенаведените работи/стоки/услуги се наведени во Прилог 2 од овој Договор.

**Договорен износ**

**Член 2**

(1) Вкупна прифатлива вредност на инвестицијата е __________ МКД (со зборови четиристотиничетириесетипетилјадистоседумдесет денари).

(2) Вкупната финансиската поддршка (јавна поддршка) согласно Решението бр. 16- /__ изнесува до ___________ МКД (со зборови тристаединаесетилјадишестотинидеветнаесет денари) т.е. __% од вкупната прифатлива вредност на инвестицијата и дополнителни 10% за набавка на опрема за фертигација и приколка за арско ѓубриво.

(3) АФПЗРР ќе исплати __% односно __% од реално направените, оправданите и прифатливите трошоци, но не повеќе од износот од став 2 на овој член и не повеќе од износот за поединечни работи, стоки и услуги наведен во Прилог 2 на овој договор - Табела за користење на финансиска поддршка по стоки и услуги, дури и во случај реално направените трошоци да го надминуваат одобрениот износ.

(4) Висината на процентот на финансиската поддршка од став 3 на овој член може да се измени само во случај на природна непогода или поради техничка грешка направена од страна на АФПЗРР , а со претходно склучен Анекс кон Договорот.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Права на корисникот

**Член 3**

(1) Корисникот има право на финансиска поддршка до износот наведен во член 2 став 2 од овој договор, односно до износот за поединечни работи, стоки и услуги наведен во Прилог 2 или 2*, согласно начинот, условите и роковите утврдени во овој договор.

(2) Корисникот има право да бара Анекс кон Договорот најдоцна 60 дена пред рокот за завршување на инвестицијата предмет на овој договор, утврден во член 4 став 2 на овој договор.

(3) Корисникот има право да бара Анекс кон Договорот поради:

а) продолжување на рокот за завршување на инвестицијата предмет на овој договор (член 4, ставови 2);

б) продолжување на рокот за поднесување на барањето за исплата на финансиската поддршка (член 4, став 3);

в) промена во градбата/реконструкцијата на инвестицијата, предмет на овој договор (Прилог 2);

г) промена во типот/моделот на наведените стоки/услуги кои се дел од инвестицијата, предмет на овој договор (Прилог 2);

д) промена на дел од инвестицијата, предмет на овој договор (Прилог 2);

ѓ) промена на добавувач/ите (Прилог 2);

е) промена на корисник – само за физичко лице во случај на смрт;

ж) промена на лични податоци (адреса, трансакциска/банкова сметка, промена на лични податоци итн.)

з) Зголемување на финансиската поддршка поради природна непогода чие настанување е потврдено од страна на Европската Комисија

(4) Корисникот има право да бара Анекс кон Договорот по однос на став 3 точка а), б), в), г), д) и ѓ) од овој член само во случај на:

- виша сила;
- природна непогода чие настанување е потврдено од страна на Европската Комисија;
- престанок на производство на одредени стоки кои се дел од инвестицијата предмет на овој договор;
- неможност на добавувачите да извршат снабдување со услуги и стоки;

- промени како резултат на потребата за усогласување на инвестицијата предмет на овој договор со законодавството;
- состојба која не можела да се предвиди во моментот на склучување на Договорот и
- воведување на нови технологии кои можат да ја подобрат ефикасноста на инвестицијата.

(5) Корисникот има право да бара Анекс кон Договорот кога регионот каде што е местото на инвестицијата и инвестицијата се погодени од природна непогода, а за кој регион Европската Комисија има одобрено поедноставни постапки за добивање на финансиската поддршка за определен временски период, поради што има можност да добие:

- финансиска поддршка во износ и процент кој го надминува износот односно процентот наведен во член 2 став 2 од овој Договор и
- 20% од вкупно прифатливата вредност на инвестицијата утврдена со овој договор пред поднесување на финансиските документи како доказ за спроведување на истата.

(6) Корисникот или негов овластен претставник има право да ги наведе своите забелешки во извештајот за извршена контрола на лице место и истиот да го потпише.

(7) Корисникот има право да побара Анекс кон Договорот согласно став (3), точка а) и точка б) од овој член не повеќе од 2 години, само во случај кога надлежните институции посочиле дека корисникот не ги исполнил условите наведени во член (4) став (6) од овој Договор. Корисникот има право да побара анекс на овој договор во врска со одредбите наведени во став (3), точка а) и б) на овој член до 3 години.

Обврски на корисникот

**Член 4**

(1) Корисникот се обврзува да ја заврши инвестицијата со сопствени парични средства во износ наведен во Прилог 2 на овој договор.
(2) Корисникот се обврзува да ја заврши инвестицијата наведена во член 1 на овој договор најдоцна до 15.11.2018 година.
(3) Корисникот се обврзува да поднесе барање за исплата и потребна документација најдоцна до15.12 .2018 година.

(4) Корисникот се обврзува да го поднесе последниот одобрен образец на барањето за исплата ( Прилог 4 на овој Договор) по препорачана пошта или лично во согласност со член 8 став (3) на овој договор.

(5) Корисникот се обврзува сите плаќања кон трети лица кои произлегуваат од спроведувањето на инвестицијата предмет на овој договор да ги изврши согласно рокот утврден во став (2) на овој член.

(6) Корисникот се обврзува дека ќе ги достигне националните стандарди од областа на животната средина, јавно здравство, благосостојба на животните, на крајот на инвестицијата во согласност со став (2) од овој член, и ќе биде во согласност со стандардите додека договорот е во сила.

(7) Корисникот се обврзува во прилог на барањето за Анекс кон Договорот да достави соодветни документи како доказ за исполнување на одредбите од член 3 став (3) и (4), а согласно член 8 став (3).

(8) Корисникот се обврзува да ја извести АФПЗРР за времето на изведување на скриените работи во текот на градбата, најмалку 7 дена пред изведување на активностите кои вклучуваат скриени работи.

(9) Корисникот се обврзува на барање на АФПЗРР да доставува информации/податоци во период од максимум 15 работни дена т.е. наведено во барањето.

(10) Корисникот се обврзува веднаш да ја извести АФПЗРР доколку настанат околности кои имаат влијание врз спроведувањето на инвестицијата предмет на овој договор.

(11) Корисникот се обврзува да обезбеди целосен и непречен пристап на овластените лица на АФПЗРР, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Европската комисија, Судот на ревизори, како и ревизорското тело до документите, објектите, опремата и имотот кои се од значење/поврзани за/со инвестицијата, за време на контролата на лице место, како и при спроведувањето на надзорот над овој договор за целото негово времетраење.

(12) Корисникот или овластен претставник се обврзува да се легитимира на барање на овластените лица од АФПЗРР за време на контролата на лице место.

(13) Корисникот се обврзува да не ја отуѓува, дава под закуп или заем инвестицијата предмет на овој договор за целото негово времетраење.

(14) Корисникот се обврзува да не ја менува намената и целта на инвестицијата предмет на овој договор за целото негово времетраење.

(15) Корисникот се обврзува да не го менува местото на инвестицијата, предмет на овој договор, доколку поинаку не е одобрено од страна на АФПЗРР. АФПЗРР при одобрување на промената на местото на инвестицијата ќе ги земе во предвид причините кои довеле до промена на местото на инвестицијата, исто така дали се менува местото на производната активност во целост или само инвестицијата. Корисникот е обврзан навремено да ја извести АФПЗРР за намерата за промена на местото на инвестицијата предмет на овој договор.

(16) Корисникот се обврзува да ги чува оригиналните документи кои се однесуваат на предметот на овој договор за целото негово времетраење.

(17) Корисникот се обврзува да води сметководствена евиденција во врска со инвестицијата, предмет на овој договор, а во согласност со барањата за доставување на информации до Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството за целовреметраење на Договорот. Корисникот-земјоделското стопанство мора да обезбеди информации и податоци за ,ФАДН кога информацијата е побарана од нив од релевантната институција одговорна за ФАДН податоците прибирање или подрачната едницина на МЗШВ.

(18) Корисникот се обврзува дека нема да користи неповратна финансиска помош од други европски, домашни или странски фондови за финансирање на инвестицијата во форма на грант.

(19) Корисникот се обврзува да ги подмири обврските по однос на даноци, здравствено, пензиско и инвалидско осигурување, како и обврските кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за целото времетраење на овој договор.

(20) Корисникот се обврзува пред поднесувањето на барањето за исплата да ги подмири заостанатите обврски (доколку ги има) кои произлегуваат од користење на финансиска поддршка од друга компонента на ИПА.

(21) Корисникот е обврзан да ги пријави сите измени во регистарот на откупувачи на овошје и зеленчук при МЗШВ а кои произлегуваат од инвестицијата предмет на овој договор, пред поднесување на барањето за исплата.

(22) Корисникот е обврзан, опремата предмет на овој договор да поседува плочка со технички податоци за опремата, сериски број и година на производство (доколку инвестицијата вклучува опрема).

(23) Корисникот се обврзува во случај на исплата на повеќе средства од одобрените со решението за исплата донесено од АФПЗРР, веднаш да го врати износот кој преставува разлика меѓу исплатениот и одобрениот износ, а во спротивно АФПЗРР ќе пресметува казнена камата.

(24) Корисникот се обврзува во рок од пет дена од денот на извршувањето на исплатата на видливо место, согласно Прилог 3 на овој договор, да истакне налепница А или Б и/или комеморативна плакета на која е наведено дека инвестицијата е финансирана со средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 и истата да не ја отстрани за целото времетраење на овој договор.

(24*) Корисникот се обврзува да подигне билборд со информации за ЕУ учество доколку предметот на инвестиција надминува 500.000 евра во денарска противвредност. Корисникот ќе го отстрани билбордот не порано од 6 месеци по реализација на инвестицијата и ќе стави комеморативна плакета не покасно од 5 дена по ивршувањето на исплататаво согласност со Прилог 3

(25) Корисникот се обврзува дека најмалку едно лице ќе биде вработено на неопределено време или ќе биде ангажирано со договор кој нема да биде пократок од Договорот помеѓу корисникот и АФПЗРР.

Права на АФПЗРР
Член 5

(1) АФПЗРР има право да врши контрола на лице место за целото времетраење на овој договор.

(2) АФПЗРР има право да бара дополнување или појаснување на барањето за исплата,

(3) АФПЗРР има право да бара информации, податоци и материјали потребни за следење, евалуација и контрола на лице место на инвестицијата, како и да бара слободен пристап до објектите, просториите, опремата и имотот поврзани со инвестицијата предмет на овој договор.

(4) АФПЗРР има право да го отфрли барањето за исплата ако Корисникот не го поднесе согласно рокот утврден во член 4, став 3 на овој договор.

(5) АФПЗРР има право да го одбие барањето за исплата, во целост или делумно, доколку Корисникот:

(а) не го дополни или појасни барањето или потребните документи во однапред утврдениот рок,

(б) не ја заврши инвестицијата која е предмет на овој Договор согласно член 4, став (2) и (5) од овој Договор,

(в) доставил понуди, пред потпишување на договорот, од понудувачи кои се меѓусебно сопственички и/или семејно поврзани и/или поврзни во раководната структура помеѓу себе и/или со корисникот,

(г) доставил понуди за предметот на инвестицијата, пред потпишување на договорот, од изработувачот на Деловниот план/консултантските услуги или од понудувачи кои се во семејна/сопственичка и/или поврзаност во управувачката структура со изработувачот на деловниот план/консултантските услуги,

(д) доставил манипулирани/копирани или цените во понудите се пропорционално зголемени,

(ѓ) доставил вештачки поделени понуди со цел да се избегне правилото за доставување на 3 понуди од независни добавувачи,

(е) не спречи појавување на конфликт на интерес,

(ж) не е во согласност со стандардите утврдени во член 4, став 6 од овој договор,

(з) прикрие факти и податоци во врска со спроведувањето на инвестицијата предмет на овој Договор и

(ѕ) не ја спроведе инвестицијата согласно условите утврдени со овој Договор.

(6) АФПЗРР има право да не овозможи користење на финансиска поддршка од програмите кои ги спроведува АФПЗРР за период од 2 години доколку Корисникот се стекнал со финансиска поддршка како резултат на измама.

(7) АФПЗРР има право на својата интернет страна да ги објави следниве податоци за Корисникот:

- целосен назив на корисникот. По 2 години, името не корисникот ќе биде заменето со терминот " физичко лице". Во случај кога корисникот е правно лице, името на одговорното лице ќе биде заменето со терминот "физичко лице".
- Назив на инвестицијата
- Опис на инвестицијата
- Датум на почеток на инвестицијата
- Датум на завршување на инвестицијата ( очекуван датум на физичко завршување на реализацијата или нејзина целосна имплементација)
- Вкупно прифатливи трошоци на инвестицијата
- Процентот на кофинансирање од страна на ЕК
- Поштенски код на локацијата на инвестицијата или друг индикатор за локација на инвестицијата
- Држава во која се наоѓа инвестицијата ( Р. Северна Македонија)
- Назив на категоријата на интервенција на инвестицијата
- Дата на последно ажурирање на листата на операции

(8) АФПЗРР има право да го одбие барањето за склучување Анекс кон Договор доколку:

- доведува до неисполнувањето на националните стандарди;
- доведува до неисполнувањето на европските стандарди;
- доведува до неизводливоста на инвестицијата;
- доведува до нефункционалност на постројката согласно оперативната структура и нефункционалност на технолошкиот процес односно производната линија (во случај кога предмет на бараните измени е менување на дел од инвестицијата);
- со тоа би се надминал максималниот период за реализација на инвестицијата;
- е во спротивност со националната важечка регулатива.

(9) Агенцијата има право да побара измени кон Договорот доколку:

- утврди дека настанала техничка грешка при изработка на договорот (грешка во броеви, суми при пресметка, датум, назив) ,

- утврди дека финансиската поддршка, делумно, била одобрена спротивно на правилата на ИПАРД Програмата, Секторскиот Договор, Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот.
- се резултат на откривањето на скриени работи од извршената контрола на терен.

(10) АФПЗРР има право да бара поврат на исплатената финансиската поддршка доколку Корисникот:

(а) доставил лажни податоци врз основа на кои се стекнал со финансиска поддршка од ИПАРД Програмата 2014-2020,

(б) доставил понуди, пред потпишување на договорот, од понудувачи кои се меѓусебно сопственички или семејно поврзани и/или поврзни во раководната структура помеѓу себе и со корисникот,

(в) доставил понуди за предметот на инвестицијата, пред потпишување на договорот, од изработувачот на Деловниот план/консултантските услуги или од понудувачи кои се во семејна/сопственичка и/или поврзаност во управувачката структура со изработувачот на деловниот план/консултантските услуги,

(г) не спречи појавување на конфликт на интерес,

(д) доставил манипулирани/копирани или цените во понудите се пропорционално зголемени,

(ѓ) доставил вештачки поделени понуди со цел да се избегне правилото за доставување на 3 понуди од независни добавувачи,

(е) користел/користи неповратна финансиска помош од други европски, домашни или странски фондови за финансирање на инвестицијата предмет на овој договор,

(ж) ја отуѓува, дава под закуп, заем или ја менува намената и целта на инвестицијата, предмет на овој договор,

(з) извршил промена на местото на инвестицијата предмет на овој договор, а не постапил согласно член 4, став 15 од овој договор,

(ѕ) примил повеќе средства од оние одобрени со решението за исплата, поради административна грешка на АФПЗРР,

(и) не обезбеди целосен и непречен пристап на овластените лица на АФПЗРР, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Европската комисија, Судот на ревизори, како и ревизорското тело до документите, објектите, опремата и имотот кои се од значење/поврзани за/со

инвестицијата, за време на контролата на лице место, како и при спроведувањето на надзорот над овој договор за целото негово времетраење,

(ј) не постави комеморативна плакета/налепница и/или билборд каде е наведено дека инвестицијата е финансирана од ИПАРД Програмата 2014-2020 во рок од 5 дена од извршувањето на исплатата и е поставена за цело време траење на договорот и

(к) во случај на постапка на стечај/ликвидација на корисникот

(л) во други случаи утврдени во овој договор и Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(11) АФПЗРР има право, во случај на поврат на средства од став (10) точки (а), (б), (в), (г), (ѓ), (е), (ж), (ѕ), (и) и (ј) на овој член, да пресмета казнена камата од денот на исплата на финансиската поддршка до денот на повратот на средствата. Во случајот од став (10) точка (ѕ) на овој член, казнената каматата ќе се пресметува по истекот на рокот за поврат на средства утврден во Решението за поврат на средства донесена од АФПЗРР. АФПЗРР пресметува камата согласно Законот за облигациони односи.

(12) АФПЗРР има право да поведе извршна постапка во случај Корисникот да не изврши поврат на средства во рок од 15 дена од приемот на Решението за поврат на средства.
(13)Агенцијата има право да го следи исполнувањето на критериумите врз основа на кои е донесено решението за распределба на средства и решението за исплата додека овој договор е во сила, а во случај на прекршување да бара поврат на средствата или раскинување на договорот.

**Член 5-а**

(1) АФПЗРР како алтернатива може да наметне санкции на барателот во случај на неисполнување на обврските дадени во член 4 , став (6), (16), (17), (19), (24) и (25) од овој Договор во рамките од 2%-10% од вредноста на овој Договор.
Санкциите може да се зголемат најмногу до рамка од 4-20 % во случај на повторување на неправилностите.
При првично детектирање на неправилноста, АФПЗРР има право да испрати предупредување земајќи ја во предвид сериозноста и важноста на неправилноста.

**Обврски на АФПЗРР**

Член 6

(1) АФПЗРР се обврзува да изврши исплата на финансиската поддршка во рок од шест месеци од денот на приемот на барањето за исплата.

(2) АФПЗРР се обврзува да изврши еднократна исплата на финансиската поддршка.

(3) АФПЗРР се обврзува да спроведе контрола на лице место преку овластени контролори кои се должни да се легитимираат пред Корисникот или овластен претставник.

(4) АФПЗРР се обврзува по приемот на барањето за Анекс кон Договорот поради природна непогода да постапува согласно одредбите на Секторскиот Договор.

(5) АФПЗРР се обврзува со личните податоци на Корисникот да постапува согласно прописите од областа на заштита на лични податоци.

## III. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

(1) Овој договор може да се раскине:

- со взаемна согласност на договорните страни,
- еднострано од страна на АФПЗРР доколку Корисникот не се придржува кон одредбите на овој договор,
- еднострано од страна на АФПЗРР како резултат на откриени скриени работи при контрола на терен,
- еднострано од страна на Корисникот, само пред исплата на финансиската поддршка.
- и во други ситуации предвидени со овој договор, или закон.

(2) Во случај на раскинување на Договорот согласно став 1 точка 2 и точка 3 на овој член, АФПЗРР веднаш ќе го извести Корисникот.

(3) Во случај на раскинување на Договорот согласно став 1 точка 4 на овој член, Корисникот е должен да ја извести АФПЗРР најмалку 15 дена пред истекот на рокот наведен во член 4 став (2) од овој договор.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

(1) Корисникот изјавува под целосна морална, материјална и кривична одговорност, дека сите податоци содржани во извештаите и документите доставени до АФПЗРР се точни и автентични.

(2) Корисникот изјавува дека не започнал со реализација на инвестицијата која е предмет на овој договор пред истиот да стапи на сила.

(3) Корисникот се обврзува да ги преземе сите потребни мерки да го спречи конфликтот на интерес кој може да влијае врз непристрасното и објективно спроведување на овој договор.

Таков конфликт може да настане пред се како резултат на економски интерес, политичка или национална наклоност, семејни или емотивни врски, или било каков друг заеднички интерес.

(4) Секоја ситуација која доведува или би можела да доведе до конфликт на интерес за времетраењето на овој договор корисникот е должен да ја обзнани пред АФПЗРР. Корисникот е должен веднаш да преземе мерки за корегирање на таквата ситуација.

(5) АФПЗРР го задржува правото да провери дали преземените мерки од став 4 на овој член се соодветни и може да побара преземање на дополнителни мерки, доколку е потребно во одреден временски период.

(6) Заради обезбедување на информации за документите кои треба да се доставаат во прилог на барањето за Анекс кон Договорот, обезбедување на важечки образец на барањето за исплата, како и поради доставување на истите до АФПЗРР Корисникот е согласен да се обрати до АФПЗРР на следнава адреса: Бул. III Македонска Бригада, бр.20 (зграда на Македонија Табак блок С), 1000 Скопје

Контакт телефон:02 30 97 450

Интернет адреса: www.ipardpa.gov.mk; www.ipardpa.info@ipardpa.gov.mk

**Стапување во сила и времетраење на Договорот**

**Член 9**

(1) Со потпишување на овој Договор, договорните страни ја изразуваат својата слободна волја, потврдуваат дека го прочитале и го разбрале Договорот и дека се согласуваат со правата и обврските кои произлегуваат од него како и со неговите правни последици.

(2) Овој договор ќе стапи на сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни и ќе биде во сила пет години по последната исплата од страна на АФПЗРР освен во однос на член 4 став 11 ќе биде во сила 7 година по конечната исплата.

Прилози

**Член 10**

Следните Прилози претставуваат составен дел на овој договор:

1. Прилог 1 – Дефиниции

2. Прилог 2– Табела за користење на финансиска поддршка по стоки и услуги

3. Прилог 3 – Форма на налепница, комеморативна плакета и билборд.

4. Прилог 4 – Барање за исплата

**Спорови**

**Член 11**

(1)Споровите кои произлегуваат од овој договор, договорните страни ќе се обидат да ги решат спогодбено, а доколку тоа не е можно, надлежен ќе биде Основен суд на Република Северна Македонија.

(2) Во случај на спор, преовладуваат одредбите кои произлегуваат од билатералните договори потпишани помеѓу Република Северна Македонија и Европската Комисија кои се однесуваат на предпристапна помош пред оние одредби кои произлегуваат од Националното законодавство.

**Примероци**

**Член 12**

Овој договор е склучен во четири идентични примероци, по два за секоја договорна страна.

Дата, _______.2018　　　　Дата, __________.2018

Архивски бр. 16 - ______/___

Директор на АФПЗРР:　　　　Корисник:

Николче Бабовски　　　　_________________________

_________________________　　　　_________________________

Изготвил:___________________

Проверил: __________________

Одобрил: ___________________

## Б ДЕЛ 2 - ПРИЛОЗИ

## ПРИЛОГ 1 – ДЕФИНИЦИИ

Во контекст на овој договор, изразите кои се користат во овој договор го имаат следното значење:

- “Проект“ е целокупната, сеопфатна инвестициска активност на барателот која се состои од прифатлив и неприфатлив дел за ко-финансирање од ИПАРД Програмата 2014-2020;
- „Претпријатие “ е единечна бизнис локација на правното лице која извршува единствена дејност. Таа единица може да биде продавница, канцеларија и сл. каде се врши продажба или производство на добра или услуги кое се физички разделени од останатите капацитетите на компанијата/ бизнисот) „
- “Компанија/холдинг“ е правно лице составено од едно или повеќе претпријатија кои се поврзани во една или повеќе производни активности.
- **“Вкупна прифатлива вредност на инвестицијата” се одобрените трошоци од страна на АФПЗРР согласно ИПАРД Програмата 2014-2020, Секторскиот Договор и Уредбата за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка од мерката за рурален развој финансирана од компонентата V - ИПАРД преку Инструментот на Претпристапната поддршка (ИПА);**
- **“Финансисика поддршка” е финансиската поддршка од страна на АФПЗРР во еквивалентен износ од 60% од вкупната прифатлива вредност на инвестицијата;**
- “Општи трошоци” се надоместоците за архитекти и инженери, други трошоци за консултантски услуги, физибилити студии, стекнување со патент, права и дозволи;
- “Почеток на спроведување на инвестицијата” значи превземање на било какви обврски на сметка на одобрениот износ, потпишување на договори со трети лица за вршење на дејности предмет на овој Договор, нарачка на материјали, опрема и други слични активности, освен активности кои спаѓаат во општи трошоци;
- ”Природна непогода” се инциденти предизвикани од природни сили кои е невзможно да се контролираат а кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата и предизвикуваат штети на земјиштето, културното наследство и животната средина (земјотреси, поплави, ерозии, лавини, лизгања на земјиште, бури, оштетувања на брани и бедеми, суши, атмосферски катастрофи);
- “Секторски Договор” е Договорот кој е ратификуван помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Комисијата на Европските Заедници по однос на Правилата за соработка заради финансиска поддршка на ЕК за Република Северна

Македонија и имплементацијата на помошта во рамките на компонента V (ИПАРД) преку инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија бр 38/2016“);

- „Конфликт на интерес“ е кога непристрасното учество на кое било лице кое учествува во постапката за набавка е загрозено заради семејни причини, економски интерес или некаков друг интерес помеѓу лицата;
- „Виша сила“ е исклучителен настан или околности, надвор од контролата на договорните страни која ги спречува едната или двете договорни страни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој договор.
- „Активна корупција“ е ветување, понудување или давање, директно или индиректно, на било каква незаконска предност на некого, со цел државниот службеник да делува или да се воздржи од делување во извршување на своите надлежности.
- „Пасивна корупција“ е барање или примање, директно или индиректно, на било каква незаконска предност, или прифаќање на понуда или ветување на таква предност, со цел државниот службеник да делува или да се воздржи од делување во извршување на своите надлежности

**ПРИЛОГ 2 - Табела за користење на финансиската поддршка по стоки и услуги**

**ПРИЛОГ 3- Форма на комеморативна плакета и налепница**

## ТЕХНИЧКИ ОПИС НА ЗНАМЕТО НА ЕУ И ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### 1. ЗНАМЕ НА ЕУ



Знамето на ЕУ мора да биде видливо истакната како што е наведено во овој договор на сите пишани и визуелни материјали. Знамето на ЕУ има правоаголна форма во сина боја чија должина изнесува 1 ½ од неговата висина. 12те златни звезди лоцирани на еднакви интервали формираат недефиниран круг, при што центарот е точката на пресек на дијагоналите од правоаголникот. Радиусот на кругот е една третина од висината на знамето. Секоја од звездите има пет точки кои се лоцирани на периферијата на недефинираниот круг, при што радиусот е една осумнаестина од висината на знамето. Сите звезди се вертикално поставени – всушност со една точка вертикално т.е насочени кон надвор и две точки се поставени во права линија под прави агли до копјето.

Кругот е распореден на тој начин што звездите се наредени во насока на стрелките на часовникот. Нивниот број е непроменлив.

Официјални бои на знамето се:

- Pantone Reflex сина боја за површината на правоаголникот
- Pantone Process `жолта боја за звездите

Pantone Reflex Blue соодвествува со бојата од веб-палетата RGB: 0/51/153 (со шест децимали: 003399) і Pantone Yellow соодвествува со бојата од веб-палетата RGB: 255/204/0 (со шест децимали: FFCC00).

Знамето би требало да биде испечатено на бела позадина. Повеќебојните позадини треба да се избегнуваат, особено оние позадини чија боја не се совпаѓа со сината боја. Таму каде што не може да се избегне ваквата боја, мора да се користи бела граница со дебелина која е 1/25 тина од висината на правоаголникот. t.



**ГЕОМЕТРИСКИ ОПИС**

Сите звезди се вертикално поставени т.е со една точка вертикално и две точки поставени во права линија под прави агли до копјето. Нивниот број е непроменлив.

## 2. ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Знамето на Република Северна Македонија мора да биде еднакво претставено со знамето на ЕУ на сите визуелни материјали. Знамето на РМ мора да биде видливо истакнатао како што е наведено во овој Прирачник на сите пишани и визуелни материјали. Знамето мора да биде претставено со следните официјални бои:

- Pantone 485C (C:0, M:95, Y:100, B:0)
- Pantone Process жолта (C:0, M:0, Y:100, B:0)




Согласно Законот за знамето на Република Северна Македонија, истото мора да биде во црвена боја со златно-жолто сонце. Сонцето е со осум сончеви зраци, кои се простираат од сончевиот диск со проширување од рабовите на знамето. Сончевите зраци се вкрстуваат во дијагонала, хоризонтала и вертикала. Дијаметарот на сончевиот диск е една седмина од

должината на знамето. Центарот на сонцето се поклопува со точката во која се сечат дијагоналите на знамето. Односот помеѓу ширината и должината на знамето е еден према два.

ГОЛЕМИНА НА БИЛБОРД (висина 180 cm x ширина 240 cm) размер 1:12




Билбордот мора да биде изработен од ПВЦ материјал, да се премачка со УВ лак и да се постави цврсто (да се залепи или набие) на метална основа од иста големина. Металната основа се поставува на два метални столба на висина од 2 метри, мерејќи од површината на земјиштето. Секој од металните столбови мора да биде фиксиран во бетонска подлога. Целата конструкција мора да биде висока 3.80 метри, мерејќи од површината на земјиштето.

ГОЛЕМИНА НА КОМЕМОРАТИВНА ПЛАКЕТА (висина 40 cm x ширина 60 cm) Размер 1:3




Комеморативната плакета е направена од печатен ПВЦ материјал премачкан со УВ лак и поставена цврсто (залепена или закачена) на метален лим. Металниот лим треба да се постави на ѕид од објект на висина од 1.70 метри мерено од земјиштето на кое се наоѓа.

ГОЛЕМИНА НА НАЛЕПНИЦАТА А (висина 10 cm X ширина 15 cm), Размер 1:1




Налепницата А се поставува доколку највисоката точка на опремата е под 1 метар и истата се поставува фронтално или странично на видливата страна на опремата и истата треба да биде испечатена на ПВЦ материјал и премачкана со УВ лак за заштита од сонце.

**ГОЛЕМИНА НА НАЛЕПНИЦАТА Б (висина 13 cm X ширина 20 cm), Размер 1:1**




Налепницата Б се поставува доколку највисоката точка на опремата е над 1 метар и истата се поставува фронтално или странично на видливата страна на опремата на висина од најмалку 1,70 метри и истата треба да биде испечатена на ПВЦ материјал и премачкана со УВ лак за заштита од сонце. Напомена: Агенцијата има право да ја ажурира налепницата, комеморативната плакета и билбордот по насоки добиени од ЕК за видливост на проектот.

# Прилог 4 Барање за исплата